ПУБЛИКАЦИЈА ПРА - АРМ - 010-011 А

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
Воена пошта 2803
Бр. 02-274/1
17-12-2018 20 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 став 1 точка 18 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008 и 51/2011), началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија донесе

# П Р А В И Л О

## ЗА ВОЕН ПРОТОКОЛ
## ВО АРМИЈАТА НА
## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ**
**НАЧАЛНИК**
генерал - мајор
Васко Ѓурчиновски

С О Д Р Ж И Н А

**ВОВЕД ........ 9**

**ПРВА ГЛАВА**
**ВОЕНИ СВЕЧЕНОСТИ ........ 10**

1. Заклетва ........ 10
   1.1. Подготовки за давање на заклетва ........ 11
2. Знамиња, химни, фанфари и сигнали ........ 12
   2.1. Доделување на воени знамиња ........ 13
   2.2. Истакнување на државни знамиња ........ 13
      2.2.1. Постапка за кревање на државното знаме ........ 14
      2.2.2. Постапка за виткање на државното знаме на Република Македонија на церемонијален начин ........ 15
      2.2.3. Знаменца ........ 15
   2.3. Употреба на химни ........ 16
   2.4. Употреба на фанфари и сигнали ........ 16
3. Примопредавање на должност ........ 17
   3.1. Подготовки за реализирање на свеченост за примопредавање на должност ........ 19
   3.2. Примопредавање на должност на командант на единиците упатени во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија ........ 19
4. Доделување на одликувања ........ 20
   4.1. Подготовки за реализирање на свеченост за доделување на одликувања ........ 21
5. Почеток и завршеток на обуката и школување ........ 22
6. Испраќање и пречек на единици на АРМ кои учествуваат во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија ........ 23

**ВТОРА ГЛАВА**
**ВОЕНИ ПРОСЛАВИ ........ 24**

1. Прослава на државни празници во Република Македонија ........ 24
2. Прослава на воени празници ........ 24
   2.1. Одбележување на Денот на АРМ ........ 24
   2.2. Прослава на Денови на командите и единиците на АРМ ........ 26
   2.3. Подготовки за прослава на Денот на АРМ и деновите на командите и единиците на АРМ ........ 26

**ТРЕТА ГЛАВА**
**ВОЕНИ ПОЧЕСТИ ........ 27**

1. Оддавање на воени почести на претседателот на Република Македонија ........ 28
2. Оддавање на воени почести на министерот за одбрана, НГШ на АРМ и други воени старешини ........ 29
3. Оддавање на воени почести при посети од странство ........ 30
   3.1. Оддавање на воени почести на странски гости ........ 30
      3.1.1. Оддавање на воени почести на шефови на странски држави ........ 31
      3.1.2. Оддавање на воени почести на претседатели на Парламенти на странски држави ........ 31
      3.1.3. Оддавање на воени почести на престолонаследници и претседатели на Влади на странски држави ........ 32
      3.1.4. Оддавање воени почести на министри за одбрана на странски држави, началници на Генералштабови на странски Вооружени сили, команданти на команди на НАТО и шефови на меѓународни организации ........ 33
   3.2. Организирање на официјални посети ........ 34
      3.2.1. Придружба на делегации ........ 37
      3.2.2. Организирање на состаноци ........ 38
      3.2.3. Преведувачи ........ 40
      3.2.4. Подароци ........ 41

3.2.5. Обезбедување на странски високи воени личности и делегации ... 41
3.2.6. Медиумска поддршка ... 42

**ЧЕТВРТА ГЛАВА**
**ЦЕРЕМОНИИ ... 44**
1. Денови на жалост во Република Македонија ... 44
2. Погреби и комеморации ... 44
3. Полагање на венци и откривање на споменици ... 47
3.1. Полагање на венци ... 47
3.2. Откривање на споменици ... 48
4. Смена на државни знамиња на Република Македонија пред државни институции ... 49
4.1. Смена на државното знаме пред резиденцијата на претседателот на Република Македонија ... 49
4.2. Смена на државното знаме пред Собранието на Република Македонија ... 50
4.3. Смена на државните знамиња пред Владата на Република Македонија ... 51
5. Доделување на државното знаме на Република Македонија при пензионирање на командантите на ниво полк - бригада и на генералите во АРМ ... 52

**ПЕТТА ГЛАВА**
**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРИЕМИ ... 53**
1. Покана ... 53
2. Распоред на седење, послужување, мени и „précéance” картички ... 55
3. Бал ... 57

**ШЕСТА ГЛАВА**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ... 59**

**П Р И Л О З И ... 60**
1. Дефиниции и поими кои се користени во ова Правило ... 61
2. Протоколарна листа на носители на функции во Република Македонија, МО и АРМ ... 62
**3. С Ц Е Н А Р И Ј А ... 64**
3.1. Сценарио за чинот за предавање на воено знаме ... 65
3.2. Сценарио за свеченост за примопредавање на должност ... 69
3.3. Сценарио за свеченост за предавање на должност министер за одбрана ... 73
3.4. Сценарио за доделување на одликување на припадници на АРМ за учество во мисија ... 75
3.5. Сценарио за свечено испраќање на контингент на АРМ во мисија ... 78
3.6. Сценарио за свеченост по повод 18 Август, Ден на АРМ ... 82
3.7. Сценарио за комеморација за загинати припадници на АРМ ... 86
3.8. Сценарио за доделување на државното знаме на Република Македонија при пензионирање на командантите на ниво полк - бригада и на генералите во АРМ ... 87
**4. П Р О Г Р А М И ... 89**
4.1. Програма за погреб на загинати припадници на АРМ ... 90
4.2. Програма за посета на Република Македонија и АРМ на НГШ на друга држава ... 91
4.3. Програма за посета на Република Македонија на сопруга на НГШ на друга држава ... 95
**5. Ш Е М И ... 97**
5.1. Примопредавање на должност министер за одбрана ... 98
5.2. Инаугурација на претседател на Република Македонија ... 99
5.3. Полагање на венци во Крушево ... 100

5.4. Полагање на венец во Пелинце ... 103
5.5. Пречек на претседателот при посета на воени објекти ... 104
5.6. Пречек на ВИП на аеродром ... 105
5.7. Испраќање на ВИП на аеродром ... 106
5.8. Свечен пречек на странски гости на аеродром ... 107
5.9. Пречек на претседатели на странски држави во вила Водно ... 108
5.10. Пречек на високи делегации пред Собранието на Република Македонија ... 109
5.11. Пречек на претседател на Влада ... 110
5.12. Пречек на странски воени делегации пред МО и ГШ на АРМ ... 111
5.13. Распоред на единицата за воени почести на починати припадници ... 112
5.14. Формирање на погребна поворка ... 113
5.15. Пречек на посмртните останки на аеродром ... 114
5.16. Оддавање на воени почести кај гробното место ... 115
5.17. Оддавање на воени почести на споменикот на паднатите херои ... 116
5.18. Смена на државното знаме пред резиденцијата на претседателот на Република Македонија ... 117
5.19. Смена на државното знаме пред Собранието на Република Македонија ... 118
5.20. Смена на државното знаме пред Владата на Република Македонија ... 119
5.21. Споредба на униформите и облеката при подготвување или добивање на покана ... 120
5.22. Распореди за седење ... 122

# ВОВЕД

Со Правилото за воен протокол во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст АРМ) се регулираат протоколарните обврски на Генералштабот на АРМ (во натамошниот текст ГШ на АРМ), командите и единиците на АРМ, за време на организирањето на воените церемонии-свечености, прослави, оддавањето на воени почести и координација со органите за протокол од останатите државни институции.

Цел на правилото е да се пропишат протоколарни норми за однесување на припадниците на Генералштабот, командите и единиците на АРМ во рамките на нивните надлежности.

# ПРВА ГЛАВА

# ВОЕНИ СВЕЧЕНОСТИ

1*) Воени свечености се пригодни манифестации кои се организираат по повод:

- давање на заклетва;
- доделување на воено знаме;
- примо - предавање на должност;
- доделување на одликувања на единици и поединци;
- почетокот и завршувањето на обуката во единиците, курсевите и школувањата и
- испраќање и пречек на единици на АРМ кои учествуваат во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија.

Воениот персонал се постројува за воена свеченост во воено-теренска униформа и го носи личното вооружување. За одделни свечености воениот персонал може да се построи и без лично вооружување и во друга униформа, за што одлучува командантот на полк-бригада и воен старешина (во понатамошниот текст старешина) од ист и повисок ранг.

Знаменскиот вод е опремен со лично вооружување и шлемови. Во случај кога е ангажирана гардиска единица, истата е без шлемови.

За реализирање на воени свечености може да се ангажира воен оркестар, за што одлучува началникот на ГШ на АРМ (во понатамошниот текст НГШ на АРМ) и старешини кои тој ќе ги овласти.

### 1. Заклетва

2) Заклетва претставува свечен чин на кој припадниците на АРМ се обврзуваат на лојалност и верно служење на татковината.

Заклетва се дава пред Знамето на Република Македонија кое го носи знаменскиот вод, поставен пред централната бина на свеченоста во кругот на касарната или друго место кое ќе го одреди НГШ на АРМ.

---

* Броевите ги означуваат параграфите (точките) кои се последователни во сите поглавја

Знаменскиот вод  при воени свечености за заклетва се пречекува со „почесен по-ЗДРАВ!”, се поставува пред централната бина на свеченоста гледајќи кон единиците и се испраќа со „почесен по-ЗДРАВ!” од централната позиција.

Сиот новодојден воен и цивилен персонал во еден гарнизон (касарна), ако е можно, заедно дава заклетва. Со нив заклетва дава воениот и цивилниот персонал од гарнизонот, кој од било кои причини, порано не ја дал.

За воениот и цивилниот персонал кој бил отсутен на денот на давањето на заклетвата или подоцна стапил во АРМ се организира давање заклетва во единицата. На свеченоста присуствуваат само одреден број на старешини.

На лицата кои зборуваат друг јазик различен од македонскиот им се овозможува потпишување на заклетва на македонски јазик и на јазикот и писмото на етничката заедница на која и припаѓаат.

3) Денот кога воениот и цивилниот персонал дава заклетва се третира како свечен ден и по тој повод се организира пригодна свеченост.

4) Заклетвата се потпишува во два примероци од кои еден е за лицето кое ја дало, а другиот се чува во персоналното досие на воениот и цивилниот персонал.

Списоците на лицата кои дале заклетва се чуваат во архивата на Командата за обука и доктрини како акти од трајна вредност.

### 1.1. Подготовки за давање на заклетва

5) Носител на подготовките за давање на заклетва е командантот на Командата за обука и доктрини кој изработува наредба која содржи:

- одредување на времето, местото и составот на единиците кои ќе даваат заклетва, одредување на командант на свеченоста, ручек;
- коктел за присутните гости, медиумска покриеност на настанот, фото и видео запис од свеченоста, културно-уметничка програма, реализирање на темата “Заклетва и воено знаме”, генерална проба на свеченоста и излез надвор од кругот на касарната.

6) Командантот на свеченоста изработува  сценарио за реализација на свеченоста кое содржи: шема на активноста, уредување на местото за свеченоста, уредување на бината, местата за гостите, натписи и знамиња.

Сценариото се доставува на одобрување до ГШ на АРМ.

7) Командантот на свеченоста ги презема и следните активности:

- изработка на списоци на воениот и цивилниот персонал кој треба да даде заклетва (списоците се изработуваат на рамниште на чета);

- дефинирање на протоколарниот список на гостите за свеченоста;
- изработка и доставување на покани за поканетите гости;
- доставување на барање за учество на военото оркестар;
- подготовка за прифаќање на семејствата на воениот и цивилниот персонал и другите гости на влезот во касарната и нивно запознавање со условите за живот и работа во единицата;
- подготовка на видео презентација со активности од животот и работата на единицата.

Кога персоналот дава заклетва, присуствуваат сите старешини на единицата, а ако за тоа постојат услови и целата единица. На заклетвата можат да присуствуваат родителите и роднините на лицата кои даваат заклетва.

8) Давањето на заклетва, кога е можно, командантот на единицата треба да го организира на денот на прославата на државните и воените празници или во првиот петок од неделата по завршувањето на периодот за прилагодување.

## 2. Знамиња, химни, фанфари и сигнали

9) Државно знаме претставува официјално знаме на некоја држава, кое како такво е признато во уставот. Употребата на знамето на Република Македонија е регулирана со закон.

10) Воени знамиња на единиците се посебни знамиња кои ја нагласуваат припадноста, честа и военото единство на единиците и се пропишани со Уредбата за знамињата на единиците на АРМ.

11) Државна химна претставува родољубива музичка композиција која потсетува и се повикува на историјата, традицијата и борбата на народот на една земја, која е признаена од законодавната власт на една земја како официјална државна композиција. Употребата на химната на Република Македонија е регулирана со закон.

12) Фанфарите претставуваат музички сигнални знаци кои служат за најава на активност или на личност пред неговото официјално појавување. Фанфарите се состојат од по два вида и тоа најавни и одјавни како и пригодни фанфари (мелодии), за погреб.

13) Сигналите претставуваат кратки музички знаци кои служат за најава на одредена активност.

### 2.1. Доделување на воени знамиња

14) Воени знамиња имаат: ГШ на АРМ, командите и единиците на АРМ до ниво чета. Димензиите и обликот на знамињата на единиците на АРМ се регулирани со Уредбата за знамињата на единиците на АРМ.

Претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата (во натамошниот текст претседател на Република Македонија) предава воени знамиња на командите и единиците на АРМ до ниво полк-бригада.

Воени знамиња на ниво на баталјон и повисоко предава НГШ на АРМ, а командантите на првопотчинетите команди и единици на ГШ на АРМ предаваат воени знамиња на чети од својот состав.

Воените знамиња ги примаат командантите на командите и командантите и командирите на единиците на АРМ.

Военото знаме и се предава на единицата во гарнизонот во кој се наоѓа или на друго место, на заедничка свеченост.

Военото знаме се предава на свеченост со присуство на целата команда или единица.

Доколку воените знамиња се предаваат во рамки на друга воена свеченост, тоа се прави на почетокот на свеченоста.

Воените знамиња се чуваат на посебно уредени места во единиците, поставени од левата страна од државното знаме на Република Македонија.

Военото знаме се истакнува за време на протоколарни свечености во единиците.

Чинот на предавање на военото знаме на воената свеченост опишан е во прилогот бр. 3.1. на ова Правило.

15) Кога воените знамиња се предаваат на заедничка свеченост, по нив доаѓаат командантите-командирите, секој со знаменосецот со двајца придружници и со знаменски вод кој учествува на свечениот пречек за лицето кое ќе ги предава знамињата. Знаменските водови се постројуваат по ред, онака како што ќе ги примаат знамињата, а 20 чекори зад нив се постројуваат единиците.

### 2.2. Истакнување на државни знамиња

16) Државното знаме на Република Македонија се истакнува на воени објекти и на јарбол пред воените објекти. Државното знаме кое се истакнува на јарбол пред зградата на ГШ на АРМ да биде со димензии 3,2 x 1,6м, државното знаме кое се истакнува пред командите и единиците, на влезовите во касарните на АРМ и логорските простории да биде со димензии 2,4м x 1,2м, државното знаме кое се истакнува на јарбол повисок од

15м да биде со димензии 5м x 2,5м, а државното знаме кое се истакнува на копје во затворени простории во воените објекти да биде со димензии 2м x 1м или 1,6м x 0,8м. Доколку државното знаме е истакнато 24 часа треба да биде соодветно осветлено за време на ноќните часови.

17) Во денови на жалост, државното знаме се истакнува на половина копје, а кога се истакнува на јарбол, при кревањето целосно се подига, а потоа се спушта до половина на јарболот. Кога државното знаме се користи во свечени пригоди се крева, спушта, истакнува и пренесува со вообичаени почести. Дотраено, неуредно, искинато или на друг начин оштетено државно знаме на Република Македонија не смее да се истакнува на јавно место. При истакнувањето на знамето на објекти, на јарбол или на копје, не смее да допира до ништо што се наоѓа до и под него.

18) Кога во посета доаѓа странска делегација се истакнува и државното знаме на земјата од која доаѓа делегацијата. Знамето на странската држава се истакнува од десна страна на државното знаме на Република Македонија.

Истакнувањето на знамињата е во надлежност на командантот на касарната.

19) Кога се истакнуваат повеќе од две државни знамиња, постојат два различни начини на нивно истакнување. Првиот начин, македонското државно знаме е во средина, а останатите се истакнуваат според „абецеден" ред, со тоа што првото е од десна страна на државното знаме на Република Македонија, второто од неговата лева страна итн. На вториот начин македонското знаме е прво, а останатите по „абецеден" ред се поставуваат од неговата лева страна. При истакнување на две или повеќе знамиња, сите знамиња мораат да бидат со иста големина и ист квалитет. Со иста важност како и државните знамиња се и знамињата на НАТО, ЕУ и ООН.

### 2.2.1. Постапка за кревање на државното знаме

20) Постапката за кревање на државното знаме ја изведуваат двајца припадници на единицата по команда „за кревање на државното знаме по-ЗДРАВ", проследено со интонирање на химната на АРМ. Војникот до јарболот го прифаќа знамето и го прикачува, вториот војник го придржува знамето до висина од 2 метри, потоа се врти налево круг се оддалечува 3 (три) чекори, се врти налево круг и го поздравува државното знаме до командата „мирно". Постапките за спуштање на знамето се по обратен редослед. По команда „За спуштање на државното знаме по-ЗДРАВ", проследено со трубен знак, војникот на растојание од 3 чекори од јарболот го поздравува знамето, се приближува и го прифаќа знамето, војникот до јарболот, кој го спуштил знамето, го откачува знамето од јарболот. Потоа припадниците знамето го виткаат во ролна. Кога знамето не е на јарбол се чува на погодно место во просторијата на дежурниот орган.

**2.2.2. Постапка за виткање на државното знаме на Република Македонија на церемонијален начин**

21) Постапката за виткање на знамето на церемонијален начин ја изведуваат двајца припадници на единицата за почести. Знамето, во хоризонтална положба, се превиткува по должина од десна во лева страна, два пати. Двајцата војници истапуваат чекор напред, ги спојуваат двата краја и го превиткуваат знамето по ширина. Потоа знамето се дипли во форма на триаголник. Десниот агол се превиткува дијагонално во лево, левиот агол паралелно во продолжение се до последното превиткување на аголот од знамето кој се става во средишниот дел.




**2.2.3. Знаменца**

22) Знаменцата се копии на државните, институционалните и воените знамиња на единиците со димензии 12см x 24см. Се користат како обележја за на маса во работните простории каде нема поставено големо знаме. Кон нив треба да се однесува со истото почитување како кон државното знаме.

Освен за симболизирање на државата, институцијата и единицата, знаменцата може да имаат даровен и колекционерски карактер, при што истите не се чуваат на работна маса, туку на пригодни места.

Командантот-командирот може да го постави на својата работна маса знаменцето на својата единица, но заедно со државното знаменце. Знаменцата треба да бидат од левата страна на државното знаменце.

За време на состаноци на делегации од две и повеќе држави, на работната маса се поставуваат знаменца од државите. Државните знаменца се поставуваат соодветно од десната страна на домаќинот, односно гостинот. Ако на масата седат претставници од повеќе држави, тогаш знаменцата се поставуваат пред главниот претставник од делегациите.

### 2.3. Употреба на химни

23) Химната на Република Македонија во АРМ се интонира за оддавање на воени почести за:

- пречек на претседателот на државата;
- пречек на министерот за одбрана во Владата на Република Македонија (во понатамошниот текст министерот за одбрана);
- пречек на НГШ на АРМ;
- реализирање на воени свечености, прослави и церемонии.

24) При пречек на гости од странска држава прво се интонира химната на земјата гостин, а потоа на земјата домаќин.

25) Химната се интонира во чест на државното знаме кога истото е истакнато на врвот на јарболот. Кога знамето е на половина копје, химни не се интонираат.

26) Химната на АРМ се интонира на воени свечености и воени прослави по интонирањето на државната химна. Химната на АРМ за воениот и цивилниот персонал во АРМ има исто значење како и државната химна.

27) Химната на АРМ се интонира секое утро при кревање на државното знаме.

### 2.4. Употреба на фанфари и сигнали

28) Фанфари и сигнали следуваат за пречек на:

- претседателот на Република Македонија;
- претседателот на Собранието на Република Македонија;
- претседателот на Владата на Република Македонија;
- министерот за одбрана
- НГШ на АРМ.

## 3. Примопредавање на должност

29) Примопредавањето на должност на командант на команда и единица до ранг полк-бригада се извршува на свечен начин, пред стројот на командата/единицата. Пред реализирањето на свеченоста се изработува сценарио (прилог бр. 3.2.).

На свеченоста присуствува првопретпоставениот старешина кој на зборното место доаѓа во придружба на старешината кој ја предава и старешината кој ја прима должноста и прима рапорт од командантот на свеченоста.

Старешината кој ја предава должноста го предава военото знаме на старешината кој ја прима должноста. За таа цел, знаменосецот и двајцата придружници застануваат на 10 метри пред претпоставениот старешина и старешините кои ја предаваат, односно примаат должноста. Старешината кој ја предава должноста го прифаќа знамето од знаменосецот и му го враќа на претпоставениот старешина кој истото го врачува на старешината кој ја прима должноста. Тој го прифаќа знамето со десната рака, а со левата го принесува долниот слободен агол на знамето кон устата и го бакнува, по што го враќа знамето на знаменосецот. Знаменосецот го носи знамето развеано и заедно со придружниците го заземаат своето место во стројот.

На крајот од свеченоста, единицата во дефиле поминува пред претпоставениот и старешината кој предава, односно прима должност.

При предавање на должноста на старешини до ранг командир на чета, старешините се поздравуваат (ракуваат) со секој припадник на единицата.

При предавање на должноста на старешини во ранг командант на полк-бригада и командант на команда присуствува и воениот оркестар.

30) Примопредавањето на должноста на старешини од повисок ранг, се извршува на свеченост во посебно уредена просторија. На свеченоста присуствуваат лица определени со протоколарниот список на гости.

При свеченото примопредавање се интонира државната химна на Република Македонија и химната на АРМ.  Потоа, говор држи претпоставениот старешина. Се читаат наредбите за поставување по што следува обраќање на присутните, прво на дотогашниот а потоа и на новопоставениот старешина. Следува потпишување на образецот за примена-предадена должност и честитање.

31) При примопредавање на должноста НГШ на АРМ се поканува претседателот на Република Македонија.

Свеченоста почнува со свечен пречек на врховниот командант со почесна единица и воен оркестар. Во зависност од метеоролошките услови, свеченоста може да се реализира во просторија  која за таа прилика соодветно се подготвува.

При свеченото примопредавање се интонира државната химна и химната на АРМ. Потоа,  говор држи врховниот командант. Се читаат наредбите за поставување по што НГШ на АРМ  кој ја предава должноста држи  говор и му ја честита должноста на

новиот НГШ на АРМ. Потоа старешината кој ја презема должноста се обраќа на присутните со говор по што свеченоста завршува.

32) Примопредавањето на должноста министер за одбрана се реализира на свечен начин. На свеченоста учествува почесна единица со јачина од еден вод и воениот оркестар.

На свеченоста присуствува клучниот персонал од Министерството за одбрана (во натамошниот текст МО) и ГШ на АРМ. МО доставува покани до претставниците на воено - дипломатскиот кор и претставниците на медиумите.

Свеченоста почнува со свечен пречек на новиот министер за одбрана. За свеченоста се изработува сценарио (прилог бр. 3.3.)

Свеченоста се реализира на платото пред влезот во зградата на МО и ГШ на АРМ (шема, прилог бр. 5.1.)

33) По завршувањето на инаугурацијата на новоизбраниот претседател на Република Македонија се приредува свечен пречек во Резиденцијата на претседателот на Република Македонија - вила „Водно”.

На свечениот пречек учествуваат почесната единица со знамето на Република Македонија и воениот оркестар. Почесната единица е чета со јачина од 2 вода по 20 гардисти и 2 старешини командири на водови, знаменосец и двајца придружници - 3 старешини и командир на почесната единица 1 офицер или вкупно 46 лица. Се поставува и почесна стража од 12 војници-гардисти пред вилата и 6 војници гардисти во вилата.

Пред излегувањето на поранешниот претседател на Република Македонија, командирот на почесната единица командува „почесен поздрав на ле-ВО”, а воениот оркестар интонира марш. Командирот на почесната единица предава рапорт и го следи претседателот при обиколката на почесната единица до крајот на стројот. Поранешниот претседател на Република Македонија врши смотра на стројот и го поздравува знамето на Република Македонија.

Поранешниот претседател на Република Македонија го пречекува новоизбраниот претседател, воениот оркестар интонира марш. Командирот на почесната единица командува „почесен поздрав на де-СНО”. Претседателите се качуваат на бината а воениот оркестар ја интонира химната на Република Македонија. Воениот оркестар интонира марш, претседателите слегуваат од бината, командирот на почесната единица предава рапорт. Претседателите го поздравуваат знамето со наклон на главата и со поглед ја поздравуваат единицата. Командирот на почесната единица ги следи претседателите при обиколката на почесната единица до крајот на стројот кога командирот на почесната единица отпоздравува. (шема, прилог бр. 5.2.)

Следи запознавање со членовите на кабинетот, а потоа влегуваат во вилата.

Аѓутантот на претседателот на Република Македонија ги придружува претседателите за цело време на свечениот пречек.

### 3.1. Подготовки за реализирање на свеченост за примопредавање на должност

34) Одговорен за подготовките за реализирање на свеченост за примопредавање на должност е командантот на единицата кој ја предава должноста. Подготовките за свеченост опфаќаат:

- изработка на наредба за организација на церемонијата на свеченоста која опфаќа: изработка на шемата на активноста, уредување на местото за свеченоста, уредување на бината, утврдување на местата за гостите, поставување на натписи и знамиња, озвучување и говорница; обезбедување на фото и видео запис од свеченоста; реализирање на генерална проба; организирање на паркирањето на м/в на гостите; организирање на ручек - коктел за присутните гости; организирање на културно - уметничка програма;
- изработка на протоколарниот список на гостите за свеченоста;
- изработка на план за седење на бината;
- доставување на сценариото и планот за седење на бина до претпоставената команда на одобрување;
- изработка и доставување на покани за гостите;
- обезбедување на местото за свеченоста - безбедносно и санитетско обезбедување;
- доставување на барање за учество на воениот оркестар;
- обезбедување на медиумска покриеност на настанот;
- подготовка на видео презентација со кратка биографија на командантите кои примопредаваат должност.

### 3.2. Примопредавање на должност на командант на единиците упатени во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија

35) Примопредавањето на должност на командантите на единиците упатени во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија се врши два дена пред заминувањето на претходната единица, пред стројот на единиците.

На чинот на примопредавање на должноста присуствува највисокиот национален претставник на кој му завршува мисијата во придружба на старешината кој ја предава должноста и старешината кој ја прима должноста.

На свеченоста на примопредавање на должноста присуствуваат и старешините кои се во придружба на единицата, најстариот национален претставник кој стапува на должност, старешини од командата на првопретпоставената единица и старешини од највисоката команда која е во базата во која е сместена единицата.

Примопредавањето започнува по пристигнувањето на најстариот национален претставник со командантите на единиците упатени во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија. Најстариот национален претставник држи говор. Потоа зема збор командантот на единицата во заминување. Командантот на новопристигнатата единица држи говор кој завршува со поздрав на Република Македонија и АРМ. На крај командантот на единицата во заминување го предава знамето на новиот командант.

Со церемонијата командува најстариот подофицер на единицата која треба да замине.

### 4. Доделување на одликувања

36) Одликувањата доделени на единици до ранг полк-бригада, се врачуваат пред стројот за време на воената свеченост. На свеченоста учествува и воениот оркестар, потребен број на војници гардисти со перничиња и се донесува военото знаме.

По пречекот на лицето кое ги врачува одликувањата се интонираат химните на Република Македонија и АРМ. Потоа се чита указот за одликување. Командантот на единицата го прима одликувањето, а потоа командува „Знаме на-ПРЕД!”. Знаменосецот со придружниците го донесува знамето пред средината на фронтот на стројот и командантот го прицврстува одликувањето на знамето. Знамето останува пред стројот се додека не се одржи говор, а потоа се враќа во стројот. Свеченоста се завршува со дефиле на единицата пред лицето кое го врачува одликувањето.

37) Во единиците - контингентите кои немаат знаме се постапува на ист начин, со тоа што, одликувањето со кое единицата е одликувана, му се врачува на командирот на единицата.

Одликувањата доделени на единиците од повисок ранг им се врачуваат на командантите, на свечен собир на старешините на командата.

38) Наредбите за пофалба до ранг бригада, се читаат пред стројот на единицата, а на команди од повисок ранг-пред стројот на потчинетите единици и на собирот на старешините на командата. Наредбите им се читаат и на единиците и командите кои му се потчинети на старешината кој ја издал наредбата за пофалба.

Указот за одликување, како и наредбите за пофалби од претседателот на Република Македонија, им се соопштуваат на сите единици и команди на АРМ.

39) За врачување на одликувањата на воениот и цивилниот персонал на АРМ од страна на врховниот командант, министерот за одбрана и НГШ на АРМ, како и од

страна на странски високи претставници, се организира воена свеченост. На свеченоста се интонира химната на Република Македонија и химната на странската држава, се држат говори од страна на домаќинот и странскиот гостин, потоа се читаат наредбите за одликувањето и значењето на одликувањето. За време на читањето на наредбите и значењето на одликувањето се застанува во став „мирно". Се врачува одликувањето со прикачување на облеката на одликуваниот, без разлика дали се работи за униформа или цивилна облека, односно на рака на најблискиот роднина, доколку се работи за постхумно одликување.

Орденот може да го носи само одликуваното лице. Како исклучок посебно за најблиските роднини, одликувањето може да се носи во посебна отворена рамка.

Ако се врачуваат одликувања на повеќе лица, се овозможува еден од нив да се заблагодари со говор од име на сите. На крајот на свеченоста се даваат изјави за медиумите.

### 4.1. Подготовки за реализирање на свеченост за доделување на одликувања

40) Командантот на единицата од чиј состав се одликуваните лица одговорен е за подготовките и реализирањето на свеченоста за врачување на одликувања кои опфаќаат:

- изработка на наредба за реализација на свеченоста која содржи: одредување на командант и модератор на свеченоста, изработка на шемата на активноста, уредување на местото за свеченоста, обезбедување на свечен ручек - коктел за присутните гости, уредување на бината, утврдување на местата за гостите, озвучување и говорница, подготвување на маса покриена со црвена или темно сина чоја за поставување на одликувањата, обезбедување на медиумска покриеност на настанот, обезбедување на фото и видео запис од свеченоста, организира културно - уметничка програма, обезбедување на преведувач доколку има потреба, одредување на личност која ги врачува одликувањата;
- изработка на сценарио за реализација на свеченоста (прилог бр. 3.4.);
- изработка на план за седење на бина;
- доставување на сценариото и планот за седење на бина до претпоставената команда на одобрување;
- изработка на протоколарниот список на гостите за свеченоста;
- изработка на поканите за гостите и доставување на истите;
- обезбедување на местото за свеченост (безбедносно и санитетско обезбедување).

41) Одликувањата се поставуваат по редот по кој ќе бидат врачувани. Кутиите со одликувањата се отворени. Одликувањата се доделуваат според значењето.

## 5. Почеток и завршеток на обуката и школување

42) Почетокот и завршетокот на обуката за граѓаните на доброволно отслужување на воениот рок се одбележува со свеченост. На командантот на самостоен баталјон и старешини од ист и повисок ранг им се приредува пречек и истиот одржува говор. На свеченоста се изнесува военото знаме, односно знамето на Република Македонија. Знамето го изнесува знаменосецот со двајца придружници. За свеченоста се одредува знаменски вод. Во рамките на оваа свеченост се организира тактичко-технички збор во единицата и командирите на четите и старешините од ист ранг го врачуваат оружјето.

На свеченоста по повод завршеток на обуката се читаат наредби за пофалби и награди и се врачуваат одликувања, а потоа единицата со строев чекор поминува пред командантот.

43) Почетокот и завршетокот на школувањето на питомците и промоцијата на слушателите на курсеви и завршувањето на школувањето на секоја класа питомци на Воената академија се одбележува со свеченост. Одговорен за организација на свеченоста е командантот на Командата за обука и доктрини.

На свеченоста по повод завршувањето на школувањето на питомците се поканувaат претставници од државниот врв на Република Македонија. На свеченоста учествува и воениот оркестар.

44) Организацијата на свеченост по повод завршувањето на обуката опфаќа:

- изработка на наредба за реализација на церемонијата која опфаќа: поставување на натписи и знамиња, озвучување и говорница, обезбедување на местото за свеченоста (безбедносно и санитетско), организирање на паркирање на м/в на гостите, обезбедување на свечен ручек-коктел за присутните гости, обезбедување на медиумска покриеност на настанот, организирање на културно-уметничка програма, обезбедување на фото и видео запис од свеченоста, организирање на генерална проба;

- изработка на сценарио за реализација на церемонијата кое опфаќа пречек на командантот на единицата, пречек на военото знаме, односно знамето на Република Македонија, интонирање на химната на Република Македонија и АРМ, пригоден говор на: командантот на единицата и највисокиот присутен претставник од претпоставената команда или државното раководство, испраќање на знамето.

- изработка на план за седење на бината;

- доставување на сценариото и планот за седење на бина до претпоставената команда на одобрување;

- изработка на протоколарниот список на гостите за свеченоста;

- изработка на поканите и доставување на истите до гостите;

- доставување на барање за учество на воениот оркестар;

- изработка на шемата на активноста;
- утврдување на списокот за поканување на гостите за церемонијата;
- доделување на сертификати за завршеток на курсот;
- читање на наредбите за поставување на новопроизведените старешини;
- подготовка на видео презентација со кратка биографија за сите лица кои ја завршуваат обуката;
- промовирање на најдобрите поединци на обуката / школувањето.

### 6. Испраќање и пречек на единици на АРМ кои учествуваат во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија

45) За испраќање и пречек на единиците на АРМ кои учествуваат во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката се организира свеченост.

Кога се упатуваат припадници, односно единица на АРМ до ниво вод, воената свеченост може да се организира со свечен собир или прием од страна на командата или единицата под чија надлежност е мисијата и/или претпоставената команда, по претходно одобрување на НГШ на АРМ

Командите од чиј состав се контингентите организираат пригодни церемонии. За реализирање на овие церемонии се изработува наредба со која се дефинираат следните работи: терминот за одржување на церемонијата; уредување на местото за церемонијата (декорирање на бината со натписи, цветни аранжмани, соодветна говорница, обезбедување на озвучување со соодветна музика и проверка на исправноста и функционалноста на истиот, поставување на државни знамиња на соодветни места, одредување на местата за гостите, одредување на местата за медиумите); обезбедување на местото за свеченоста (безбедносно и санитетско обезбедување); регулирање на режимот на сообраќај; обезбедување на медиумска покриеност на настанот; обезбедување на фото и видео запис од свеченоста; организирање на културно-уметничка програма и организација на пригоден коктел на кој присуствуваат сите присутни гости.

За реализацијата на церемонијата се изработува сценарио кое содржи: пречек на командантот на командата/единицата, пречек на военото знаме односно на знамето на Република Македонија, интонирање на химната на Република Македонија и АРМ, пригодни говори на: (командантот на контингентот, командантот на командата/ единицата од чиј состав се упатува контингентот и највисокиот присутен претставник од државното раководство или претпоставената команда и амбасадор на земјата поддржувач акредитиран во Република Македонија), и испраќање на знамето. (прилог бр. 3.5.),

На церемонијата по повод свечениот пречек на контингентот се чита наредбата за доделување на стимулативни мерки.

# ВТОРА ГЛАВА

# ВОЕНИ ПРОСЛАВИ

АРМ ги прославува државните празници на Република Македонија и воените празници.

### 1. Прослава на државни празници во Република Македонија

46) Спроти државните празници на Република Македонија во касарните и другите воени објекти се истакнува знамето на Република Македонија.

47) На ден пред празникот на државноста на Република Македонија и Денот на АРМ, во Скопје се извршуваат почесни артилериски стрелби со истрелување на десет плотуни, од дванаесет артилериски орудија.

48) Воениот и цивилниот персонал на АРМ учествува на активностите кои по повод празникот се реализираат во Републиката, односно во гарнизонот.

Учеството на АРМ во прославите на годишнини и јубилејни историски настани се регулира со наредба на НГШ на АРМ. (шеми, прилози бр. 5.3. и 5.4.)

### 2. Прослава на воени празници

49) Воени празници се:

- Денот на АРМ;
- Денови на командите и единиците на АРМ.

Јубилејните прослави за Денот на АРМ и деновите на командите и единиците се одржуваат секоја десетта година со поголем број на активности.

Во АРМ се одбележуваат и патронати на касарните. Командантите на касарни ги одбележуваат патронатите со полагање на венци и со пригодна културно-уметничка програма.

### 2.1. Одбележување на Денот на АРМ

50) Денот на АРМ е  воен празник кој го прославуваат сите команди и единици на АРМ. Прославата на Денот на АРМ ја организираат командите и единиците според

утврдената програма за прослава. Во командите на гарнизоните се организираат спортски натпревари и натпревари во знаење, евоцирање на спомени од создавањето и развојот на АРМ, тактичко - технички збор за граѓаните на Република Македонија, посета на музеи, спомен соби и други спомен обележја од историското минато на Република Македонија, учество во емисии на медиумите во Република Македонија, организирање на фото и ликовни изложби и други активности во зависност од можностите.

По повод одбележувањето на Денот на АРМ се организира централна прослава за која се изработува сценарио (прилог бр. 3.6.).

За време на централната прослава може да се организира и свечено дефиле на единиците на АРМ.

Во рамките на прославата на Денот на АРМ може да се организира офицерски бал.

Воениот оркестар присуствува на местото каде се одржува централната прослава на Денот на АРМ.

На прославата на Денот на АРМ се повикуваат претставници на органите на државната и локалната власт, училишта и останати организации и здруженија на подрачјето на гарнизонот со кои единиците соработуваат, претходните команданти на единиците и пензионираните старешини од единиците.

51) Командите, Денот на АРМ го прославуваат со свечен собир на вработениот персонал. Свечениот собир се организира ден пред празникот. За свечениот собир се изработува сценарио кое ги содржи следните активности: интонирање на државната химна на Република Македонија и химната на АРМ, оддавање на почит на загинатите борци за Македонија и загинатите и починатите припадници на АРМ, честитање на празникот, пригоден говор, читање на наредби за унапредување на старешини, врачување на одликувања, награди и пофалби, читање на честитки и пригодна културно - забавна програма.

На собирот се повикуваат претставници на органите на државната и локалната власт, воено - дипломатскиот кор во Република Македонија, училишта и останати организации и здруженија на подрачјето на гарнизонот со кои командите соработуваат, претходните команданти и пензионираните старешини.

Денот на АРМ, единиците на АРМ го прославуваат со свечено постројување на единиците на денот на прославата. За свеченото постројување се изработува сценарио кое опфаќа: пречек на командантот на единицата, пречек на военото знаме, интонирање на химната на Република Македонија и химната на АРМ, оддавање на почит на загинатите борци за Македонија и загинатите и починатите припадници на АРМ, пригоден говор, честитање на празникот, читање на наредби за унапредување на старешини, соопштување на одликувања, награди и пофалби и нивно врачување, читање на честитки, свечено дефиле на единиците, испраќање на знамето и пригодна културно - забавна програма.

### 2.2. Прослава на Денови на командите и единиците на АРМ

52) Деновите на командите и единиците се утврдени со Одлука донесена од претседателот на Република Македонија. На Денот на командата-единицата не се изведува обука, односно се спроведуваат активности предвидени со програмата за прослава.

Во програмата за одбележување на денот на командата, односно единицата се планираат активности предвидени за прослава на Денот на АРМ прилагодени на конкретните услови на командата и единицата. За единиците во ранг полк-бригада се планира и присуство на воениот оркестар и војници гардисти со перничиња. За време на прославата може да се ангажираат војници гардисти за врачување на одликувања, плакети и значки на АРМ кога истите ги врачуваат лица наведени во точка 59 од ова Правило.

### 2.3. Подготовки за прослава на Денот на АРМ и деновите на командите и единиците на АРМ

53) Подготовките за реализирање на прославата по повод Денот на АРМ, како и деновите на командите и единиците опфаќаат:

- изработка на наредба за реализација на церемонијата која опфаќа: одредување на командант на свеченоста и модератор, уредување на местото за свеченоста, озвучување и говорница, уредување на бината, изработка на шемата на активноста, обезбедување на местото за прославата (безбедносно и санитетско обезбедување), обезбедување на ручек - коктел, обезбедување на медиумска покриеност на настанот, обезбедување на фото и видео запис од прославата, организирање на културно - уметничка програма и изведување на генерална проба;
- изработка на сценарио за реализација на прославите. На централната прослава на Денот на АРМ се планира говор на: НГШ на АРМ, министерот за одбрана и претседателот на Република Македонија или највисокиот претставник на државното раководство. На прославите на деновите на командите и единиците на АРМ се планира говор на командантот на командантa/единицата и највисокиот присутен претставник на државното раководство или најстариот присутен старешина од претпоставената команда. Се изработува распоред за седење за време на прославата.
- изработка на протоколарниот список на гостите за прославата;
- изработка на план за седење на бината;
- доставување на сценариото, протоколарниот список на гостите и планот за седење на бина до претпоставената команда на одобрување;
- изработка на покани и доставување на истите до гостите.

# ТРЕТА ГЛАВА

# ВОЕНИ ПОЧЕСТИ

54) Воени почести се оддаваат во официјални околности, а опфаќаат:

- почесна стража;
- пречек (испраќање);
- пречек со постројување на стража во касарните;
- свечен пречек (испраќање).

55) Почесна стража се поставува со војниците од составот на единицата за почести на влезот во објектот, пред значајните културно - историски споменици, за време на официјални посети или за време на церемонии.

56) Пречек (испраќање) надвор од касарна се приредува со почесна единица-шпалир која е составена од 15 гардисти и 1 старешина, кои не се вооружени.

57) Пречек со постројување на стража се приредува кога министерот за одбрана или НГШ на АРМ доаѓаат во посета или обиколка на касарна. Во тој случај командирот на стражата предава рапорт, по предавањето на рапорт од страна на командантот на касарната.

58) Свечен пречек (испраќање) се приредува со почесна единица, воен оркестар и се истакнува државното знаме. Почесната чета е составена од 46 војници и старешини, а почесниот вод од 25 војници и старешини. Во случаи кога дневната температура е под - 1 ºC или над + 35 ºC воениот оркестар не може да учествува и се користи техничко средство.

59) Оддавањето на воени почести, во зависност од метеоролошките услови, освен за потребите на претседателот на Република Македонија, се приредува во време од 08-19 ч. во летен период и во време од 09-16 ч. во зимски период.

Воени почести им се оддаваат на:

- претседателот на Република Македонија;
- шефови на странски држави;
- претседатели на Парламенти на странски држави;
- престолонаследници и претседатели на Влади на странски држави;
- министри за одбрана на странски држави;
- министерот за одбрана;

- началници на Генералштабови на странски Вооружени сили;
- НГШ на АРМ;
- команданти на команди на НАТО и шефови на меѓународни организации, по посебна наредба на НГШ на АРМ.

**1. Оддавање на воени почести на претседателот на Република Македонија**

60) На претседателот на Република Македонија му се оддаваат воени почести при официјална обиколка и смотра на единиците на АРМ, при заминување и враќање од странство и со поставување на почесна стража во неговата резиденција.

Свечен пречек се организира на влезот во касарната, на вежбалиште или на друго погодно место (шема, прилог бр. 5.5.).

При пристигнувањето на претседателот на Република Македонија, НГШ на АРМ го пречекува и придружува до местото за свечен пречек. Кога претседателот на Република Македонија ќе се појави на местото за свечен пречек, командирот на почесната единица командува „мир-НО!” и „почесен поздрав на де-СНО (ле-ВО) !”. Потоа командирот на почесната единица предава рапорт и го следи претседателот на Република Македонија. НГШ на АРМ го следи претседателот на Република Македонија на полу-чекор зад него од десната страна, по крајот од црвената патека. Аѓутантот се движи на два чекори зад нив покрај црвената патека, а командирот на почесната единица се движи на еден чекор зад нив од десната страна. Кога ќе дојдат во висина на државното знаме со застанување и со наклон на главата се поздравува знамето. Следи поздравување на стројот на почесната единица, при што претседателот застанува на средина пред стројот и ја поздравува почесната единица со зборовите „војници и старешини ЗДРАВО”, а војниците и старешините од почесната единица одговараат со „ЗДРАВО”. По поздравот претседателот на Република Македонија продолжува да се движи кон крајот на почесната единица, односно кон лицата кои го пречекуваат. На крајот од почесната единица, командирот го отпоздравува претседателот на Република Македонија со сабја. Потоа се враќа на средина на стројот и командува „мир-НО!” и „парадно-СЛОБОДНО!”. Откако претседателот на Република Македонија ќе се поздрави со лицата кои го пречекуваат и ќе замине од местото за пречек, командирот на почесната единица ја одведува единицата.

61) Свечен пречек со почесна единица при обиколка и смотра на повеќе единици се приредува само при доаѓање во првата единица.

62) При прославата на Денот на АРМ и кога на воените свечености и прослави се построени две и повеќе различни единици на АРМ во ранг на полк-бригада, се приредува пречек на претседателот на Република Македонија со цела единица. Во тој случај не се приредува свечен пречек со почесна единица. Претседателот на Република Македонија прима рапорт од НГШ на АРМ.

Кога претседателот на Република Македонија ќе се појави на местото за свечен пречек, командантот на свеченоста командува „мир-НО!" и „почесен по-ЗДРАВ!", воениот оркестар интонира марш, НГШ на АРМ му предава рапорт и го следи за време на обиколката на единицата. НГШ на АРМ го следи претседателот на Република Македонија на полу - чекор од десната страна зад него, по крајот од црвената патека. На крајот претседателот се качува на бина, го поздравува стројот со зборовите „војници и старешини ЗДРАВО!" и се интонира химната на Република Македонија. За пречекот единиците излегуваат со целокупното вооружување, а се постројуваат според одредбите од Строевото правило на АРМ.

63) Пречек и испраќање на претседателот на Република Македонија се организира со шпалир на аеродромите при патување на официјални посети во странство, кога се патува со специјален лет ( шеми, прилог бр. 5.6. и 5.7.).

При слетувањето на воздухопловот, почесната единица - шпалир е построена во една редица, а делегацијата за пречек се поставува во средина на стројот. По запирање на воздухопловот и гасење на моторите се поставува тепих и црвена тепих патека, а потоа командирот на почесната единица ја води и поставува единицата од двете страни покрај тепих патеката во две редици свртени една кон друга.

Во зависност од видот и типот на воздухопловот и поставеноста на излезната врата, тепих патеката за пречек и испраќање се поставува паралелно или нормално кон воздухопловот.

64) На претседателот на Република Македонија му се оддаваат воени почести со поставување на почесна стража во текот на 24 часа, за време на неговиот престој во работниот Кабинет. Начинот на распоредување на војниците се дефинира со Елаборат за почесна стража, во координација со одговорното лице за протокол во Кабинетот на претседателот на Република Македонија.

### 2. Оддавање на воени почести на министерот за одбрана, НГШ на АРМ и други воени старешини

65) Министерот за одбрана, односно НГШ на АРМ кога ќе дојде во најавена службена посета на единиците во ранг на полк-бригада и пониски единици го пречекува командантот со потесниот дел на командата и му предава рапорт. Притоа, во касарните се организира пречек со постројување на стража. Се постројуваат во редица и присутните припадници на МО и АРМ.

Министерот за одбрана, односно НГШ на АРМ, по завршување на посетата, го испраќа командантот на единицата, односно командантот на гарнизонот.

66) Генералите на АРМ кои доаѓаат во најавена обиколка, контрола или инспекција, ги пречекува командантот на единицата со потесниот дел на командата и им предава рапорт. Наведените старешини ги испраќа командантот на единицата.

67) Кога на воените свечености, прослави и церемонии се приредува пречек со цела единица во ранг на самостоен баталјон, полк-бригада, без присуство на претседателот

на Република Македонија, стројот го прима командантот на единицата од командантот на свеченоста. При тоа се приредува пречек на НГШ на АРМ со постројување на стражата.

### 3. Оддавање на воени почести при посети од странство

68) При реализирање на посети од странство, воени почести се оддаваат на лицата наведени во Трета Глава. Сите посети од странство не се на исто ниво и од ист вид, па според тоа се третираат со соодветен протокол.

Без разлика на големината и значењето на земјата од која доаѓаат гостите, земјата домаќин на претставниците на сите држави им дава еднакво значење.

69) За посетите од странство МО на РМ изготвува решение.

Посетите се договараат навремено, преку МО и одбранбеното аташе на соодветната држава, а видот на посетата зависи од поводот и целта.

Посетите на странските делегации начелно се планираат во работни денови. Се избегнуваат посети за време на викенди и празници дефинирани со Законот за празници во Република Македонија.

70) Постојат следните видови на посети:

- официјална посета;
- работна посета;
- посета при пропатување - не се оддаваат воени почести;
- неофицијална - приватна посета - не се оддаваат воени почести.

Разликите помеѓу официјална и работна посета е во тоа што при официјална посета гостинот се пречекува и испраќа со воени почести. Се организира свечена вечера од страна на домаќинот на која се разменуваат здравици и се разменуваат лични подароци. Може да се организира полагање на венец на споменикот на паднатите херои.

### 3.1. Оддавање на воени почести на странски гости

71) На странски гости, кога доаѓаат во официјална посета на Република Македонија им се оддаваат воени почести со:

- почесна стража;
- пречек (испраќање) со почесна единица - шпалир при пристигнувањето на аеродром (кога патуваат со специјален лет), при работни и официјални посети;

- свечен пречек, при официјални посети.

72) Во исклучителни ситуации свечениот пречек може да се организира и на аеродромите во Република Македонија (шема, прилог бр. 5.8.), во тој случај не се постројува шпалир.

Кога личностите на кои им се оддаваат воени почести доаѓаат на официјални меѓународни собири кои се одржуваат во Република Македонија, не им се оддаваат воени почести.

### 3.1.1. Оддавање на воени почести на шефови на странски држави

73) На шефовите на странски држави при официјални и работни посети, им се приредува пречек (испраќање) со шпалир при пристигнувањето на аеродром, а при официјални посети и свечен пречек во Резиденцијата на претседателот на Република Македонија - вила „Водно”.

На свечениот пречек учествуваат почесната единица со знамето на Република Македонија и воениот оркестар. Почесната единица е чета со јачина од 2 вода по 20 гардисти и 2 старешини командири на водови, знаменосец и двајца придружници - 3 старешини и командир на почесната единица 1 офицер. Се поставуваат шпалир и почесна стража (пред вилата 12 војници гардисти и во вилата 6 војници гардисти). Пред доаѓањето на делегацијата, при појавувањето на претседателот на Република Македонија, командирот на почесната единица командува „почесен поздрав на ле-ВО”. Командирот на почесната единица предава рапорт и го следи претседателот при обиколката на почесната единица до крајот на стројот.

При доаѓање на странската делегација претседателот го пречекува гостинот кај возилото, воениот оркестар интонира марш. Командирот на почесната единица командува „почесен поздрав на де-СНО”. Гостинот и домаќинот се качуваат на бината и ги заземаат своите места. Воениот оркестар ја интонира химната на земјата гостин, а потоа на земјата домаќин. Воениот оркестар интонира марш, претседателите слегуваат од бината и продолжуваат со смотра на стројот. Командирот на почесната единица предава рапорт и го следи гостинот при обиколката на почесната единица до крајот на стројот. Гостинот го поздравува знамето со наклон на главата и со поглед ја поздравува единицата поминувајќи до крајот на истата. На крајот командирот на почесната единица отпоздравува со сабја и следи запознавање со членовите на делегациите на македонската и странската делегација од страна на гостинот и претседателот, а потоа влегуваат во вилата. ( шема, прилог бр. 5.9.).

### 3.1.2. Оддавање на воени почести на претседатели на Парламенти на странски држави

74) На претседатели на странски парламенти при официјални и работни посети, им се приредува пречек (испраќање) со почесна единица - шпалир при пристигнувањето на аеродромот, а при официјални посети и свечен пречек пред зградата на Собранието на Република Македонија.

На свечениот пречек учествуваат почесната единица со знамето на Република Македонија и воениот оркестар. Почесната единица е чета со јачина од 2 вода по 18 гардисти и 2 старешини командири на водови, знаменосец и двајца придружници - 3 старешини и командир на почесната единица 1 офицер или вкупно 42 лица. Се поставува почесна стража во Собранието - 6 војници гардисти.

При доаѓање на странската делегација, претседателот го пречекува гостинот кај возилото. Командирот на почесната единица командува „почесен поздрав на ле-ВО", а воениот оркестар интонира марш. Гостинот и домаќинот се качуваат на бината и ги заземаат своите места. Воениот оркестар ја интонира химната на земјата гостин, а потоа на земјата домаќин. Воениот оркестар интонира марш, претседателите слегуваат од бината и продолжуваат со смотра на стројот, командирот на почесната единица предава рапорт и го следи гостинот при обиколката на почесната единица до крајот на стројот. Гостинот го поздравува знамето со наклон на главата и со поглед ја поздравува единицата поминувајќи до крајот на истата. На крајот командирот на почесната единица отпоздравува со сабја и следи запознавање со членовите на делегациите на македонската и странската делегација од страна на гостинот и претседателот, а потоа влегуваат во зградата на Собранието. (шема, прилог бр. 5.10.)

### 3.1.3. Оддавање на воени почести на престолонаследници и претседатели на Влади на странски држави

75) На претседатели на странски Влади при официјални и работни посети, им се приредува пречек (испраќање) со почесна единица-шпалир при пристигнувањето на аеро-дром, а при официјални посети и свечен пречек пред зградата на Владата на Република Македонија.

На свечениот пречек учествуваат почесната единица со знамето на Република Македонија и воениот оркестар. Почесната единица е чета со јачина од 2 вода по 16 гардисти и 2 старешини командири на водови, знаменосец и двајца придружници - 3 старешини и командир на почесната единица 1 офицер. Се поставува почесна стража пред Владата - 4 војници гардисти.

При доаѓање на странската делегација премиерот го пречекува гостинот кај возилото. Командирот на почесната единица командува „почесен поздрав на де-СНО", а воениот оркестар интонира марш. Гостинот и домаќинот се качуваат на бината и ги заземаат своите места. Воениот оркестар ја интонира химната на земјата гостин, а потоа на земјата домаќин.

Воениот оркестар интонира марш, претседателите слегуваат од бината и продолжуваат со смотра на стројот, командирот на почесната единица предава рапорт и го следи гостинот при обиколката на почесната единица до крајот на стројот. Гостинот го поздравува знамето со наклон на главата и со поглед ја поздравува единицата поминувајќи до крајот на истата. На крајот командирот на почесната единица отпоздравува со сабја и следи запознавање со членовите на делегациите на

македонската и странската делегација од страна на гостинот и премиерот, а потоа влегуваат во зградата на Владата. (шема, прилог бр. 5.11.)

### 3.1.4. Оддавање воени почести на министри за одбрана на странски држави, началници на Генералштабови на странски Вооружени сили, команданти на команди на НАТО и шефови на меѓународни организации

76) На министри за одбрана и началници на Генералштабови на странски држави при официјални и работни посети, им се приредува пречек (испраќање) со шпалир при пристигнувањето на аеродромот, а при официјални посети и свечен пречек пред зградата на МО и ГШ на АРМ.

На свечениот пречек учествува почесна единица со знамето на Република Македонија и воениот оркестар. Почесната единица е со јачина од 1 вод со 20 гардисти и 1 старешина командир на водот, знаменосец и двајца придружници - 3 старешини и командир на почесната единица 1 офицер. Се поставува почесна стража во зградата на МО и ГШ на АРМ, 4-6 војници гардисти, кои се поставуваат во парови по следното: кај споменикот на генерал Михаило Апостолски, пред влезот на кабинетот на МО на РМ и НГШ на АРМ и на местото за давање на изјави (по потреба). Се поставува и шпалир од 6 војници гардисти на скалите пред влезот во зградата на МО и ГШ на АРМ.

Пред доаѓањето на делегацијата, при појавувањето на министерот за одбрана, односно НГШ на АРМ, командирот на почесната единица командува „мир-НО!” и „по-ЗДРАВ!”, се врти налево круг и предава рапорт за подготвеноста на единицата. По приемот на рапортот, министерот за одбрана односно НГШ на АРМ се упатува кон местото за пречек на гостинот, а командирот се врти налево круг, командува „мир-НО!” и „парадно СЛОБОДНО!”.

При доаѓање на странската делегација министерот за одбрана или НГШ на АРМ го пречекува гостинот кај возилото. Командирот на почесната единица командува „почесен поздрав на де-СНО!”,а воениот оркестар интонира марш. Гостинот и домаќинот се качуваат на бината и ги заземаат своите места. Воениот оркестар ја интонира химната на земјата гостин, а потоа на земјата домаќин. Воениот оркестар интонира марш, гостинот и домаќинот слегуваат од бината и продолжуваат со смотра на стројот, командирот на почесната единица предава рапорт и го следи гостинот при обиколката на почесната единица до крајот на стројот. Гостинот го поздравува знамето со наклон на главата и со поглед ја поздравува единицата поминувајќи до крајот на истата. На крајот командирот на почесната единица отпоздравува со сабја и следи запознавање со членовите на делегациите на македонската и странската делегација од страна на гостинот и домаќинот, а потоа влегуваат во зградата на МО и ГШ на АРМ. (шема, прилог бр. 5.12.)

77) При посети на команданти на команди на НАТО и шефови на меѓународни организации, по одлука на НГШ на АРМ, им се приредува пречек (испраќање) со шпалир при пристигнувањето на аеродром. Се поставуваат и шпалир и почесна стража пред и во зградата на МО и ГШ на АРМ, како што е регулирано во точка 76.

78) При посети на заменици министри за одбрана, заменици началници на ГШ, команданти на пониски команди на НАТО и претставници на меѓународни организации, по одлука на НГШ на АРМ им се оддаваат воени почести со поставување на шпалир и почесна стража пред и во зградата на МО и ГШ на АРМ, како што е регулирано во точка 76.

79) На шефовите на странски дипломатски мисии, при предавање на акредитивни писма во Резиденцијата на претседателот на Република Македонија, им се оддаваат воени почести во кои учествува почесна стража. При нивното доаѓање и заминување пред Резиденцијата на претседателот на Република Македонија им се оддава воена почест со постројување на шпалир.

### 3.2. Организирање на официјални посети

80) Во организацијата на службени посети во странство на НГШ на АРМ учествува и протоколот од Кабинетот на НГШ на АРМ.

Протоколарните обврски за време на службените посети во странство се прилагодуваат на нормите и обичаите на земјата домаќин.

Пред заминувањето на делегацијата се дефинираат следните работи:

- се упатува писмо со одговор на поканата каде се дефинира терминот на посетата;
- се дефинира превозното средство и времето на пристигнување и заминување од земјата која ќе се посети;
- се подготвува програма за сопружникот доколку посетата се реализира со сопружник;
- се организира прием од функционери и посета на одредени единици и команди;
- се дефинираат членовите на делегацијата;
- се дефинира покривањето на трошоци за време на посетата;
- се дефинира облеката и потребната опрема;
- се дефинираат протоколарни обврски: потреба од венци и подароци;
- се подготвуваат информации за временските услови за време на посетата;
- се подготвува информативен пакет со кој се опфатени: целта на посетата, состав на делегацијата, информација за земјата која се посетува, информација за Вооружените сили на земјата која се посетува, информација за досегашните средби со претставниците на Вооружените сили на таа земја со

краток опис за целите и резултатите од досега одржаните состаноци, биографии на значајните личности со кои делегацијата ќе се сретне, и слично;

- се резервира ВИП салонот на аеродромот;
- се доставуваат потребните информации до земјата домаќин (време на пристигнување и заминување, вид на превоз, јазици со кои се служат претставниците на делегацијата, посебен интерес за посета на одредени места, воени единици, команди, темите за кои ќе стане збор во текот на средбите, фотографирање, посебни барања во врска со храната и пијалаци, можни здравствени проблеми на членовите на делегацијата, крвни групи, изјави за медиумите, средби со дипломатски претставници и слично).

По завршувањето на официјалните посети се подготвува писмо со благодарност до домаќинот.

На испраќањето и пречекот на воените делегации може да биде присутен и амбасадорот и одбранбеното аташе на земјата која се посетува.

81) Покана за реализирање на посета упатува НГШ на АРМ или високи претставници на АРМ кои НГШ на АРМ ги овластил.

Кога поканата ја испраќа по овластување на НГШ на АРМ, претставникот на АРМ поканата ја испраќа на личности во висина на својот ранг или пониско. Поканата се изработува и потпишува на македонски јазик со кирилско писмо, а во прилог се доставува и англиска верзија – „Courtescy translation“, која не се потпишува.

Официјалните и работните посети траат до три дена.

За реализација на посети на пониски нивоа одговара командата, односно единицата која се посетува, по претходно одобрена програма и насоки од претпоставената команда.

82) Пред доаѓањето на гостите се дефинираат следните работи:

- време на пристигнување и заминување од Република Македонија (според локално време);
- типот на авион со кој ќе се патува (цивилен/воен - вид на авионот, координирање околу гаражирање на воениот авион, неговото снабдување со гориво и слични технички прашања како и обврски околу екипажот);
- дали посетата ќе се реализира со или без сопружник;
- кој јазик ќе се користи за време на посетата, познавањето на јазици на гостинот и на сопружникот - (начелно се користи еден од официјалните јазици во НАТО, по можност англискиот);
- дефинирање на носители на трошоците за реализирање на сите активности и изработка на финансиска конструкција;

- воени единици, команди или туристички места кои гостинот сака да ги посети и информација кои места веќе ги има посетено;
- дефинирање на темите кои би биле предмет на разговори;
- биографија за гостинот;
- име, презиме, чин и должност на членовите на делегацијата;
- доставување на крвни групи, здравствена состојба или евентуални здравствени проблеми до медицинскиот тим кој ќе ја обезбедува делегацијата;
- посебни барања или ограничувања во поглед на храната и пијалакот (диета/алергија);
- посебни денови за време на посетата (роденден, годишнина од брак и сл.);
- посебни барања или ограничувања во поглед на местото на престојот (хотели, ресторани);
- согласност за патување со авион, хеликоптер или брод;
- придружување на делегацијата од членови на амбасадата и одбранбеното аташе (со или без сопружник);
- информации кон кои треба да се придржуваме врз основа на реципроцитет;
- подготвување на венец со соодветен текст доколку истиот се полага;
- се координира размена на подароци;
- обезбедување на ВИП возило за главниот гостин на делегацијата, а за другите членови на делегацијата начелно комбе или минибус;
- подготовка на посебна програма за сопружникот на шефот на делегацијата. Дамата се пречекува - испраќа со букет цвеќе;
- подготовка на предлог програмата при што се внимава на следните аспекти: дали членовите на делегацијата, поради временски и климатски разлики, имаат потреба од првично одморање; првиот ден од посетата би требало да се планираат средби со НГШ на АРМ, министерот за одбрана и други државни функционери и се организира свечена вечера. Следниот ден се планира посета на команди и единици и посета на културно - историски споменици; процена на времето потребно за транспорт со моторни возила, времетраење на летови на авионите и на хеликоптерите, времетраењето на денот и ноќта, атрактивни туристички места и сл.;
- предлог програма, поканата за ручеците и вечерите што ќе се приредат, предлог листите за присуство, предлог менито и местото на ручеци и вечери, предлог список на подароци и список на предложени постојани придружници, се доставуваат на одобрување до претпоставениот старешина;

- одобрената програма се испраќа до соодветните адреси;
- се резервираат: соби во хотели и ресторани кои се репрезентативни за Република Македонија, ВИП салонот на аеродромот како и културно - историски знаменитости;
- за членовите на делегацијата се подготвува мал прирачник со следната содржина: потребни телефонски броеви, временска прогноза, делегации, биографии, програма, листи за присуство, план за превезување, информации за туристичките места кои се посетуваат и се завршува со страни за забелешки;
- подготвка на „пакети за добредојде" со картичка од домаќинот (на „визит – картичката" со рака се допишува „With compliments" или се подготвуваат посебни картички на кои покрај логото испишано е „With compliments") и истите претходно се оставаат во собите на членовите на гостинската делегација;
- дефинирање на менијата за оброците, се подготвуваат индикатори, „préséance" картички и слично;
- координирање на активностите со претставниците на безбедносните структури, со канцеларијата за односи со јавноста и со Секторот за меѓународна соработка.

Начелно венци се положуваат само при првата службена посета.

### 3.2.1. Придружба на делегации

83) За ВИП гостинот од делегациите се одредува постојан придружник, кој го придружува гостинот цело време од пристигнувањето во нашата држава, во согласност со програмата, па се до неговото заминување.

Во зависност од нивото, односно чинот на ВИП гостинот се одредува и нивото на постојаниот придружник, со забелешка дека истиот треба да биде со ист или понизок чин, но не понизок од чин полковник.

Доколку ВИП гостинот за време на посетата е придружуван од сопружникот, за придружба се одредува сопружникот на постојаниот придружник.

При одредување на постојаните придружници потребно е да се има предвид истите да го познаваат англискиот јазик или јазикот на гостите.

84) За успешно реализирање на посетите посебно кога се работи за делегација од повеќе членови, се планира ангажирање на ескорт офицер за истите. Ескорт офицерите ги придружуваат гостите од нивното пристигнување до заминување од Република Македонија, во согласност со програмата.

Ескорт офицерите треба да го познаваат англискиот јазик или јазикот на гостите.

При превезување со моторни возила се планира ескорт офицерите да бидат распоредени по еден во секое возило.

Задачи и обврски на лицата одредени за придружба се:

- учествуваат во подготовките за реализирање на посетата;
- обезбедуваат податоци за лицата што ги придружуваат и да се грижат за нив;
- секогаш се покрај возилото при влегување/излегување на гостите од возилото и последни ја затвораат вратата;
- навреме пристигнуваат на предвидените места и настани;
- обезбедуваат членовите на делегацијата да бидат подготвени пред ВИП гостинот при поаѓање на делегацијата со колоната на моторни возила;
- за време на посета на културно - историски споменици или туристички места се грижат гостите да бидат во близина на ВИП гостинот, односно да бидат во група;
- да имаат основни познавања за културно-историското наследство на Република Македонија;
- доколку не е одредено посебно лице, за багажот на гостите во генералски чин, одговорни се придружниците;
- при комуникацијата со припадниците на странските држави, со својот став, изглед и разговор внимаваат на задржувањето на достоинството и угледот на припадниците на АРМ и државата;
- ги извршуваат задачите и насоките на лицето за протокол и се во постојана комуникација со него.

### 3.2.2. Организирање на состаноци

85) Работниот состанок со истакнати воени претставници внимателно се подготвува со навремено планирање на следните елементи:

- одредување на датум, време и место на одржување на состанокот;
- одредување на учесниците на состанокот;
- дефинирање на теми за кои ќе се разговара на состанокот;
- подготвување на потребни брифинзи за состанокот;
- медиумско покривање на настанот (доколку има потреба);

- обезбедување на преведувач;
- обезбедување на фотограф;
- физичко обезбедување на просторијата за време на состанокот;
- записничар кој доставува службена белешка или извештај за одржаниот состанок;
- планирање на официјални подароци.

Подготовката и уредувањето на просторијата за состанок опфаќа:

- безбедносна проверка на просторијата;
- изработка на распоред за седење за сите учесници на состанокот и поставување на индикатори за обележување на местата за седење на учесниците на состанокот;
- проверка и поставување на потребниот инвентар за состанокот и поставување и проверка на техничката поддршка и опремата за симултан превод;
- поставување на цветен аранжман;
- поставување на државни знаменца на средината на масата пред највисокиот воен претставник на странската земја и земјата домаќин;
- поставување на работен материјал потребен за состанокот (агенда на состанокот, копија од презентацијата - брифинг, прибор за пишување, папка за материјалот за состанокот и сл.);
- поставување на освежителни пијалаци, кафе, чај и потребен број на стаклени чаши, шолји за кафе и чај, а во одредени случаи и ситни колачи;
- проверка на осветлувањето.

Доколку состанокот е медиумски покриен, тогаш новинарите и фоторепортерите се спроведуваат во просториите каде што се одржува состанокот во првите минути од текот на состанокот, а по одржувањето на состанокот може да се даде изјава за медиумите.

Кафето и чајот се послужуваат веднаш на почетокот на состанокот, откако фоторепортерите и камерманите ќе направат снимки во просторијата. За време на состанокот ништо веќе не се послужува.

Доколку состанокот трае повеќе од три часа може уште еднаш да се послужат освежителни пијалаци, кафе и чај.

Во случаи кога е предвидено на состаноците да се разменуваат подароци, тоа се врши на крајот од состанокот.

86) Податоците за присутните лица се пишуваат од двете страни на индикаторот. Индикаторите се пишуваат со печатени и задебелени букви во два реда, со тоа што во

горниот ред се пишува чинот, односно титулата на лицето, во зависност од тоа дали се работи за воено или цивилно лице, додека во долниот ред се пишува полното име и презиме на лицето.

Доколку се работи за странска воена делегација, чинот и името од едната страна може да се напише на јазик на кој е договорено да се водат разговорите. Во тој случај и податоците на членовите на делегацијата на земјата домаќин од едната страна се пишуваат на истиот јазик.

Кога се изработуваат индикатори за потребите на состаноците во потчинетите единици и команди на ГШ на АРМ, во горниот лев агол на индикаторот стои амблемот на АРМ додека во горниот десен агол стои амблемот на командата, односно единицата.

### 3.2.3. Преведувачи

87) На состаноците со претставниците од странство по потреба се обезбедува и преведувач. При договарањето на посетите се дефинира и работниот јазик за време на истите. Начелно, се договара работен јазик да биде еден од официјалните јазици во НАТО - англиски јазик. Доколку главниот гостин не зборува англиски, се преведува од македонски на мајчиниот јазик на гостинот, а преведувач се обезбедува во координација со МО.

88) Преведувачот седи од левата страна и малку зад домаќинот. Преведувачите потребно е да бидат запознаени со темата на разговор, а доколку се работи за стручна терминологија може да им се достави и материјал за подготовка.

При подготовката на преводот потребно е да се одреди и начинот на преведување кој може да биде:

- консекутивно преведување;
- симултано преведување.

При консекутивното преведување еден од соговорниците изнесува една мисловна целина која потоа преведувачот ја преведува. Секогаш кога се работи за консекутивно преведување, преведувачот седи лево од личноста на највисоко ниво од делегацијата која го ангажирала. При таков вид на преведување за разговорот е потребно повеќе време, а и се губи на квалитетот на разговорот.

Симултаното преведување се извршува со помош на посебна опрема за преведување, а преведувачот преведува во исто време додека еден од соговорниците говори. Разговорите и следењето на разговорите се поквалитетни и поекономични, не се губи време за превод. Симултаното преведување се користи при организирање на повеќедневни семинари со учество на поголем број на учесници.

### 3.2.4. Подароци

89) За време на службена посета се врши размена на подароци, во согласност со Уредбата за критериумите и постапката за давање на подароци, како и Правилникот за доделување на плакети, значки, награди и пофалници на воениот и цивилниот персонал на служба во АРМ. При донесување на одлука за давање или прием на подарок се почитуваат обичаите на земјата примач и правилото на реципроцитет.

Подароците треба да бидат со еднаква вредност, и истите однапред се договараат. Однапред се утврдува дали истите ќе се разменат лично, или ќе се изврши размена по начелото протокол - протокол.

Подароците се врачуваат на шефовите на делегациите. На останатите членови од делегацијата може да им се врачат помали подароци кои се оставаат со „пакетите за добредојде" во хотелските соби.

Подарокот се врачува на личност со иста положба, функција и чин. Подарокот може да се врачи и на лице со понизок статус од лицето кое дарува, но тоа го вршат лицата задолжени за протоколот. Само во исклучителни случаи подарок може да се врачи на лице со повисок статус, на пример при прослава на ден на единица.

Протоколот за секоја посета подготвува предлог подароци врз основа на реципроцитетни обврски, обичаи и протоколарната пракса на странската земја која се посетува или од која ни доаѓаат гости. Се подаруваат македонски производи кои ги симболизираат македонските обичаи и традиции, а при тоа да се имаат предвид интересите, склоностите или личното хоби на примачот на подарокот. На подарокот се става плочка со пригоден натпис - од кого е подарокот, повод за подарување и сл.

Вредноста на подароците не смее да биде превисока ниту прениска. Вообичаените вредности на главните подароци е околу 100 евра во денарска противвредност.

Размената на официјалните подароци се врши на крајот од официјалните разговори на делегациите, а на личните подароци на крајот од официјалната вечера.

### 3.2.5. Обезбедување на странски високи воени личности и делегации

90) При организирањето на посети на високи странски личности и делегации на АРМ, се врши навремена координација со соодветните структури на МО и АРМ. Со цел да се заштитат животите на членовите на делегациите и да се обезбедат услови за реализирање на планираните активности за време на престојот во Република Македонија, се планираат, организираат, координираат и извршуваат оперативно - тактички, превентивно - технички, физички, санитарно - ветеринарни, хемиски, здравствени, противпожарни и други мерки и активности.

91) Потребните сили и средства се определуваат врз основа на безбедносната проценка на објектите, реоните, комуникациите, правците на движење, Упатството за

обезбедување на високи државни воени личности и странски делегации, Уредбата за личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување.

Припадниците на воената полиција преземаат мерки и активности за физичка заштита со планирање, организирање и употреба на потребни сили и средства. Воената полиција подготвува План за физичко обезбедување и извод од истиот доставува до воениот протокол. Пред извршувањето на задачата се вршат потребни подготовки со сите лица кои се вклучени во истата. За време на посетата припадниците на воената полиција се должни да бидат во постојан контакт со лицето за протокол кое е назначено за таа задача.

Лицата од обезбедувањето, задачата ја извршуваат во воена униформа или цивилна облека. Цивилната облека се носи за време на престојот во хотелот и обиколката на културно - историските споменици.

Начелна шема за распоред на возила:

- ПОЛИЦИЈА
- ПРОТОКОЛ
- ВОЕНА ПОЛИЦИЈА - С1
- ВИП Возило
- ВОЕНА ПОЛИЦИЈА - С2
- Возило - 1
- Возило - 2
- САНИТЕТСКО ВОЗИЛО
- ВОЕНА ПОЛИЦИЈА

### 3.2.6. Медиумска поддршка

92) Со цел да се обезбеди транспарентност, како и афирмација на АРМ, при планирањето и реализацијата на официјалните посети на АРМ од страна на делегации и поединци, како и при остварувањето на средби, конференции, вежбовни активности и други облици на соработка со внатрешни и надворешни субјекти, медиумската поддршка на истите, претставува задолжителен сегмент во нивното планирање. Во зависност од нивото на делегацијата, односно поединецот кој остварува посета, како и интересот на јавноста, на предлог на портпаролот на ГШ на АРМ или офицерот за односи со јавноста во потчинетите команди - единици, при реализацијата на активноста се планира присуство на медиумите. Присуството на медиумите, врз основа на усвоената агенда, може да биде на: пречекот на аеродром, свечениот пречек пред ГШ на АРМ или при посета на потчинетите команди, почетокот на официјалните

разговори, потпишувањето на меморандуми или спогодби, полагањето на венци, посетата на единици, следењето на вежбовни активности и друго.

93) Изјавите за медиумите во рамките на планираните активности се планираат по претходна координација и договор помеѓу лицата за односи со јавноста, кои го дефинираат времетраењето на изјавите и можноста за поставување на прашања од страна на новинарите. Доколку од страна на гостите нема интерес за давање на изјави, оваа активност не се планира во официјалната агенда. Официјалните изјави за медиумите во ГШ на АРМ се организираат во холот на МО и ГШ на АРМ на местото кое е посебно уредено за таа намена, а во потчинетите команди и единици, на место кое ќе го определи одговорниот старешина. За време на давање на изјавите за медиумите прво се обраќа домаќинот, а потоа гостинот, потоа следат новинарски прашања доколку е претходно планирано. Секогаш кога има интерес и желба кај гостите, треба да се даде можност за давање на интервју за електронските и печатените медиуми, со однапред утврдени прашања, место и време, што е во надлежност на портпаролот на ГШ на АРМ.

94) Заради документирање на сите настани и активности, како и нивно навремено прикажување со слика и снимен видео материјал на „Web" страницата на МО и АРМ, при реализацијата на активностите се обезбедува фотограф и сниматeл (во зависност од можностите). Тој воедно изработува и официјален фото албум за гостинот и ДВД со фотографии, кои на членовите на делегацијата им се врачуваат пред заминувањето.

# ЧЕТВРТА ГЛАВА

# ЦЕРЕМОНИИ

95) Церемонија е збир на точно дефинирани постапки и активности со кои се дава значење на одреден настан. Церемонии се организираат по повод:

- денови на жалост во Република Македонија;
- погреби и комеморации;
- полагање на венци и откривање на споменици;

Старешините на армијата присуствуваат на церемонија во униформа, по наредба на НГШ на АРМ.

## 1. Денови на жалост во Република Македонија

96) Денови на жалост во државата прогласува надлежниот орган на Република Македонија, а учествува и АРМ.

За време на денови на жалост во Република Македонија:

- во касарните, односно на воените објекти се истакнува знамето на Република Македонија, спуштено на половина копје;
- се одржуваат комеморативни собири;
- програмата на воените свечености и прослави се приспособува, прекинува или одлага, што се регулира во согласност со одлуката за прогласување на жалост;
- во командите и единиците не се одржуваат манифестации од забавно - хумористичен карактер, веселби и слични приредби;
- со други пригодни облици се изразува жалоста.

## 2. Погреби и комеморации

97) Со оддавање на воени почести се погребуваат:

- војници, професионални војници и питомци;
- воени обврзници од резервниот состав што ќе го загубат животот за време на службата во АРМ;

- воени старешини од активниот состав на АРМ;
- претседател на Република Македонија, претседател на Собрание на Република Македонија, претседател на Влада на Република Македонија, министер за одбрана, други истакнати функционери и општествено признати личности по одлука на надлежен орган на Република Македонија;
- генерали на АРМ и пензионирани генерали од АРМ;
- носители на партизанска споменица 1941, лица одликувани со Орден на Народен херој;
- воен персонал на странски армии кои ќе починат или загинат во нашата земја.

98) Оддавање на воени почести не следува за лица чија смрт е предизвикана со самоубиство од нечесни мотиви. Оцена на мотивите за самоубиството дава комисија формирана од НГШ на АРМ, а во нејзиниот состав задолжително членува старешина од единицата - командата каде што се случил смртниот случај.

За погреб со воени почести се одредуваат:

- почесна единица;
- почесна придружба;
- лафет (погребно возило);
- лица за носење на надгробниот знак, одликувањата, венците и придружба за изнесување на ковчегот (урната);
- почесна стража;
- воен оркестар.

Составот на почесната единица е:

- одделение со 10 војници и подофицери, кога се погребуваат лица од точка 97, алинеја 1 и 2;
- вод со 20 војници и еден офицер, кога се погребуваат лица од точка 97, алинеја 3, 5, 6 и 7, како и старешини на АРМ од резервниот состав;
- чета од гардиската единица со 40 војници и потребен број офицери, кога се погребуваат лица од точка 97, алинеја 4.

99) Воениот персонал на почесната единица носи воено теренска униформа. Војниците се вооружени со пушки, а подофицерите и офицерите со пиштоли. Почесната единица и почесната придружба ги одредува командантот на гарнизонот од единиците на гарнизонот, освен кога се погребуваат лица од точка 97, алинеја 4. Во тој случај се одредува персонал од составот на единицата за почести.

100) Почесната придружба од 6 војници им се одредува на лица кои се погребуваат со воени почести. Почесната придружба се движи покрај лафетот, погребното возило

или лицето кое ја носи урната, така што од секоја страна се распоредени по тројца војници на растојание од два чекори. Војниците од почесната придружба се вооружени со пушки кои ги носат „за десно рамо”, со „нож на пушка” и шлем на главата.

За пренесување на посмртните останки се употребува лафет. Командантот на гарнизонот го регулира користењето на моторното возило или друго превозно средство.

За носење на надгробниот знак, одликувањата и венците и за изнесување на сандакот се одредуваат старешини, ако се погребува лице наведено во точка 97, алинеја 7.

101) Почесната стража се одредува по наредба на НГШ на АРМ.

При погреб на лица со оддавање на воени почести учествува и воениот оркестар.

При погреб со воени почести на лица од точка 97, алинеја 4, 5 и 6 од Правилото за воен протокол во Армијата на Република Македонија, воени почести се оддаваат со големиот дувачки оркестар.

При погреб со воени почести на лица од точка 97, алинеја 1, 2, 3 и 7 од Правилото за воен протокол во АРМ, воени почести се оддаваат со фанфарско одделение и мал барабан од воениот оркестар.

Доколку на местото на погребот не може да учествува воениот оркестар, при оддавање на воени почести се користи техничко средство за емитување посмртен марш или друга пригодна музика.

Мртовечкиот сандак се покрива со знаме на Република Македонија. Истото, пред спуштањето на мртовечкиот сандак во гробот, се свиткува уредно на церемонијален начин и се дава на семејството на починатиот.

Погребот на лицето кое било на служба во АРМ, односно испраќањето на посмртните останки се врши според договор со семејството на починатиот и комисијата која е одредена од командантот на единицата или гарнизонот.

На погребот присуствуваат воениот и цивилниот персонал од организациската единица каде што работел починатиот, одредени лица на други единици и установи, што го регулира надлежниот старешина, односно командантот на гарнизонот.

Старешината на положба командант на полк - бригада, односно командант на гарнизон одредува потребен број на старешини, цивилни лица или војници за носење на надгробниот знак, венците и за изнесување на ковчегот.

Претставници на АРМ полагаат венец на гробот на починатиот. Венецот го набавува единицата во која починатиот или загинатиот бил на служба. Во сите други случаи венецот го набавува командата на гарнизонот кој се грижи за погребот.

При испраќање на посмртните останки на погребот на военото лице, одреден старешина од единицата се опростува од покојникот со пригоден говор. По одржувањето на говорот се врши почесна стрелба од три плотуни. По извршената почесна стрелба старешината на почесната единица командува „почесен по-ЗДРАВ”.

Воениот оркестар интонира посмртен марш или друга пригодна музика се до полагање на посмртните останки. ( шеми, прилози бр. 5.13, 5.14, 5.15 и 5.16.)

102) Во случај кога смртта на лицата наведени во точка 97 настанала надвор од Република Македонија, со оддавање на воени почести се отпочнува со пристигнување на посмртните останки на аеродромите во Република Македонија.

103) Во случај на смрт на лице кое било на служба во АРМ во командата или единицата од чиј состав е починатиот или каде што ја вршел последната должност, се одржува комеморативен собир на кој му се оддава почит на починатиот. (прилог бр. 3.7.).

На комеморацијата се поканувааат и членовите на потесното семејство на починатиот. Комеморацијата може да се одржи во Дом на АРМ или на друго пригодно место.

Одлука за одржување на комеморативен собир за лицата наведени во точка 97, алинеја 7, како и во случај на смрт на повеќе лица, донесува НГШ на АРМ. Комеморацијата по повод смртта на лицата од точка 97, алинеја 4, се организира на државно ниво.

### 3. Полагање на венци и откривање на споменици

104) Церемонија за полагање на венци или откривање на споменици, се одржува на државни и воени празници и на значајни датуми за Република Македонија согласно Програмата за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во Република Македонија, во организација на соодветна државна институција како претседател на Република Македонија, Собрание на Република Македонија и Влада на Република Македонија, а по одобрување на НГШ на АРМ. Церемонијата се одржува на посебно предвидени места, како меморијални споменици и гробни места на видни личности од историјата на Република Македонија и слично.

### 3.1. Полагање на венци

105) Во рамки на церемонијата за полагање на венци, почесна гарда ги следува институциите наведени во точка 59. Редоследот за полагање на венци се спроведува во согласност со „précéance“ листата која се носи со одлука на Владата на Република Македонија.

Церемонијата за полагање на венци се најавува со фанфара, а во посебни случаи по наредба на НГШ на АРМ, со интонирање на државната химна од страна на воениот оркестар.

На местата на кои се полагаат венците се поставува почесна стража од двајца до четворица војници.

На почетокот на церемонијата модераторот го кажува поводот по кој се полагаат венците и ги најавува делегациите. Со соодветна фанфара се означува почетокот на полагањето на венците.

106) Припадниците на единицата за почести за полагање на венци постапуваат по следното:

- ги прифаќаат венците од предвидените делегации, за секој венец се потребни двајца гардисти, а за икебана еден гардист;
- се постројуваат во колона по двајца и се движат со бавен чекор во парови - венец по венец;
- пред местото на полагање на венци, паровите се свртуваат за 180 степени во три чекори, го полагаат венецот, се оддалечуваат еден чекор и поздравуваат со рака до заминување на делегацијата.

Постапката се повторува за сите предвидени делегации. Со соодветна фанфара се означува завршувањето на полагањето на венци од страна на официјалните делегации.

Останатите делегации, здруженија и граѓани самостојно ги полагаат своите венци. За цело време на полагањето на венците, во позадина воениот оркестар или хор изведува соодветна тивка нумера. (шема, прилог бр. 5.17.).

### 3.2. Откривање на споменици

107) За откривање на споменици за секоја церемонија посебно се изработува различна програма, во зависност од видот на споменикот, местото каде се наоѓа, кој ќе го открива и слично. Церемонијата на откривање на споменик опфаќа: поставување на почесна стража, интонирање на државната химна, откривање на споменикот со симболично отстранување на свечената покривка или сечење на лента, одржување на пригоден говор и полагање венци.

Почесната стража во текот на церемонијата е во став мирно, а за време на говорот во став парадно слободно. Стражата е во состав од двајца до четворица војници, во зависност од големината на споменикот. При отстранувањето на свечената покривка или сечење на лентата се одредуваат двајца војници гардисти кои ја прифаќаат покривката и на церемонијален начин уредно ја свиткуваат или носат перничиња со ножици за сечење на лентата.

108) Подготовката за откривање на споменици се состои од следните активности:

- се уредува местото на споменикот;
- се одредува модератор на свеченоста;
- се одредува личност или претставник кој би го отворил споменикот и би подготвил пригоден говор;

- се прави распоред за полагање венци;
- се обезбедува просторот и се одредува и ограничува место за медиумите;
- се дефинира Програмата за церемонијата;
- се обезбедува присуство на војници гардисти и фанфаристи;
- се полагаат венци на откриениот споменик.

## 4. Смена на државни знамиња на Република Македонија пред државни институции

109) Смена на државни знамиња се врши во точно определено време и место и на пропишан начин.

Смена на државни знамиња се врши пред следните државни институции во Република Македонија:

- Резиденција на претседателот на Република Македонија;
- Собрание на Република Македонија;
- Влада на Република Македонија

Смената на државните знамиња пред државни институции во Република Македонија ја врши единицата за почести на АРМ.

Во случај кога денот за смена на државното знаме е државен празник смена не се врши.

### 4.1. Смена на државното знаме пред резиденцијата на претседателот на Република Македонија

110) Церемонијата за смена на државното знаме пред резиденцијата на претседателот на Република Македонија во вила Водно се реализира секој втор петок во месецот за време на целата календарска година или вкупно 12 (дванаесет) пати во текот на годината, со почеток во 13:00 часот.

На церемонијата за смена на државното знаме пред резиденцијата на претседателот на Република Македонија во вила Водно се ангажираат:

- 1 (еден) офицер-командир од единицата за почести, кој воедно е одговорен за изведување-координација на целата активност за промена на државното знаме,

- 12 гардисти од единицата за почести, вооружени со ПАП М59/66А1 за шпалир за оддавање на воени почести при пречек на претседателот на Република Македонија,
- 1 (еден) подофицер - командир и 5 (пет) војници од одделението за почесна стража кај претседателот на Република Македонија.
- Воениот оркестар од единицата за почести за давање на звучни сигнали и за интонирање на државната химна.

Смена на државното знаме пред резиденцијата на претседателот на Република Македонија во вила Водно се изведува на 1 (еден) јарбол. (шема, прилог бр. 5.18.).

Пред почетокот на церемонијата за смена на државното знаме одговорниот старешина му предава рапорт на претседателот на Република Македонија за подготвеноста на единицата, по што бара дозвола за почеток на церемонијата. По добиеното одобрување, на командирот на одделението за почесна стража му наредува да започне со смена на државното знаме.

Смената на државното знаме се изведува во согласност со точка 20 и точка 21 од Правилото за воен протокол во АРМ.

По завршување на кревањето на државното знаме, Воениот оркестар ја интонира химната на Република Македонија.

По завршување на церемонијата за смена на државното знаме одговорниот старешина му предава рапорт на претседателот на Република Македонија дека церемонијата е завршена и по добиеното одобрување од претседателот на Република Македонија издава команда за напуштање на местото на активноста.

### 4.2. Смена на државното знаме пред Собранието на Република Македонија

111) Церемонијата за смена на државното знаме пред Собранието на Република Македонија се реализира секој последен петок во тековниот месец за време на целата календарска година или вкупно 12 (дванаесет) пати во текот на годината, со почеток во 12:00 часот.

На церемонијата за смена на државното знаме пред Собранието на Република Македонија се ангажираат:

- 1 (еден) офицер - командир од единицата за почести, кој воедно е одговорен за изведување - координација на целата активност за промена на државното знаме,
- 1 (еден) старешина - носител на државното знаме и двајца придружници (без оружје) на државното знаме,

- 12 (дванаесет) војници за церемонијално спуштање и кревање на државното знаме,
- Воениот оркестар од единицата за почести за давање на звучни сигнали и интонирање на државната химна.

Смена на државното знаме пред Собранието на Република Македонија се изведува на 1 (еден) јарбол. (шема, прилог бр. 5.19.).

Пред почеток на изведување на церемонијата за смена на државното знаме сите учесници до местото на активноста пристигнуваат во парадна колона и ги заземаат своите места по што одговорниот старешина дава сигнал да се започне со смена на државното знаме.

По кревањето на државното знаме, Воениот оркестар ја интонира химната на Република Македонија.

До 2 (два) пати во текот на една календарска година смената на државното знаме може да се изведува и со парадно движење на единицата што се регулира со посебна наредба на НГШ на АРМ.

Парадното движење на единицата се изведува на релацијата: улица Македонија пред спомен куќата на Мајка Тереза, улица Македонија - плоштад Македонија - порта Македонија - Собрание на Република Македонија.

### 4.3. Смена на државните знамиња пред Владата на Република Македонија

112) Церемонијата за смена на државните знамиња пред Владата на Република Македонија се реализира секој втор петок во тековниот месец за време на целата календарска година или вкупно 12 (дванаесет) пати во текот на годината, со почеток во 12:00 часот.

На церемонијата за смена на државните знамиња пред Владата на Република Македонија се ангажираат:

- 1 (еден) офицер - командир од единицата за почести, кој воедно е одговорен за изведување - координација на целата активност за промена на државното знаме
- потребен број на гардисти од единицата за почести, за промена на државното знаме на јарболите пред Владата на Република Македонија
- 5 (пет) подофицери - носители на новите државни знамиња.
- Воениот оркестар од единицата за почести за давање на звучни сигнали и интонирање на државната химна.

Пред почеток на церемонијата за смена на државните знамиња сите учесници до местото на активноста пристигнуваат во парадна колона со влез на капија број 2 во

Владата на Република Македонија - пред Владата на Република Македонија - излез на капија број 1 во Владата на Република Македонија. Единиците ги заземаат своите места по што одговорниот старешина дава сигнал да се започне со смена на државните знамиња (шема, прилог бр. 5.20).

Смената на државните знамиња се изведува во согласност со точка 20 и точка 21 од Правилото за воен протокол во Армијата на Република Македонија.

По завршување на кревањето на државните знамиња, Воениот оркестар ја интонира химната на Република Македонија.

### 5. Доделување на државното знаме на Република Македонија при пензионирање на командантите на ниво полк - бригада и на генералите во АРМ

113) При пензионирање на командантите на ниво полк - бригада и на генералите во АРМ, се организира церемонија за доделување на државното знаме на Република Македонија. (прилог бр. 3.8.).

Церемонијата за доделување на државното знаме се одржува на пригодно место како дел од воена свеченост врз основа на одобрено сценарио. На церемонијата за доделување на државното знаме при заминување во пензија на командантите на ниво полк - бригада, знамето го доделува претпоставен старешина со чин генерал, а на генералите во АРМ, знамето го доделува НГШ на АРМ.

При заминување во пензија на НГШ на АРМ, државното знаме го доделува претседателот на Република Македонија.

На церемонијата за доделување на државното знаме учество земаат двајца припадници од единицата за почести кои вршат виткање на државното знаме на церемонијален начин согласно точка 21 од Правилото за воен протокол во АРМ и еден музичар на мал барабан од воениот оркестар од составот на единицата за почести. За тоа време се чита биографијата на лицето кое се пензионира.

Знамето што се доделува е со стандардни димензии 1.6 метри со 0.8 метри.

# ПЕТТА ГЛАВА

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРИЕМИ

114) Приеми во АРМ се организираат по повод прослави на воени празници, одбележување на одредени датуми, во чест на одредени личности и други воени свечености. Најниско ниво при организација на овие приеми во АРМ е командант на полк-бригада и нему рамен или повисок старешина.

Постојат повеќе видови на приеми: дневен, вечерен, формален и неформален. Приемите се одржуваат во различни термини, што зависи од нивната природа. Времетраењето на приемите се означува на поканите.

За време на формален прием, при пречекот домаќинот стои прв, до него неговиот сопружник. При неформални приеми сопругата на домаќинот стои прва. Пристигнувањето на свечени приеми на сопружниците е секогаш заедничко, не смеат да дојдат одвоено. Откако ќе го напуштат своето превозно средство, сопружниците одат заедно, сопругата оди од десната страна на сопругот и со левата рака го држи за надлактицата на неговата десна рака. Жената никогаш не се поздравува со две раце. Со поблиски пријатели може да се направи и послободен поздрав, но не и со постар од себе. Жената прва подава рака, а исклучок е ако се ракува со претседател на држава или со личности на повисоки државни функции кога може пристојно да се поклони, но прва не подава рака.

За време на формален прием на највисоко ниво, член на протоколот при пречекот стои прв, чекор поназад од НГШ на АРМ и ги најавува гостите. Гостите не се ракуваат со членот на протоколот. До членот на протоколот, се застанува по следниот редослед: домаќинот, почесниот гостин, сопругата (или сопругот) на почесниот гостин и на домаќинот. По поздравувањето гостите се упатуваат во салонот.

## 1. Покана

115) Во организирањето на приеми за свечености на командите и единиците на АРМ, за секоја свеченост посебно се прави список на лица кои би се поканиле на соодветната активност и истиот се одобрува од страна на претпоставениот старешина. Командантите до ниво полк - бригада во свое име ги поканувaат претставниците на институциите од локалната власт, фирмите со кои остваруваат соработка и претставниците на АРМ. Поканите кои се упатуваат до МО се упатуваат од име на НГШ на АРМ, а поканите кои се упатуваат до институциите на државната власт се упатуваат од име на министерот за одбрана и НГШ на АРМ.

Кога се приредува прием во нечија чест, почесниот гостин треба да се праша дали сака да биде поканет уште некој посебен гостин. Зависно од пригодата на приемот поканите се испраќаат три недели пред неговото одржување. Поканите можат да бидат

формални и неформални. Неформалните покани можат да се упатат усно, преку телефон.

Формалните покани се испраќаат во печатена форма и имаат дефиниран изглед. На врвот на поканата во средината се наоѓа знакот на единицата или командата во која работи лицето кое поканува. Под знакот, во зависност од тоа дали поканата е упатена со или без сопружник се става функцијата и името на лицето. Текстот за поканата може да биде „Со особена чест” - кога се поканувaат лица со ист или повисок ранг од лицето кое поканува или „Со задоволство” - кога се поканувaат лица со понизок ранг. Во следниот ред се става црта на која се испишуваат имињата на лицата кои се поканувaат. Потоа следи текст во кој се одредува поводот за поканата, времето и местото на кое се поканувaат. На крајот на поканата во левиот долен агол се наведува облеката која е предвидена, а во десниот долен агол се става ,,Извинување на тел.....,,, кратенката „R.S.V.P.” (Repondez s’il vous plait - Ве молиме за потврда) или текстот „Ве молиме Вашето присуство да го потврдите најдоцна до...”, а под него телефонскиот број за контакт.



АРМ

Началникот на Генералштабот на
Армијата на Република Македонија
генерал XXX

со особена чест / задоволство
Ве поканува

да присуствувате на XXX
на ден трети февруари 2018 година, со почеток во 11:00 часот
во Домот на АРМ во Скопје

Облека:
цивилно одело

Ве молиме за потврда најдоцна до 21.01.2018
070 000-000



АРМ

In Honor of the Chief of General Staff of the
Armed Forces of the Kingdom of XXX and Ms. XXX
Chief of General Staff of the
Army of the Republic of Macedonia and Ms. YYY

have the pleasure to invite

____________________________________

at an official dinner
on Wednesday, the third of February 2018, at nineteen o’clock
at the restaurant “XXX”

DRESS
Dark suite

R S V P

116) Воениот и цивилниот персонал на служба во АРМ се појавува на приемите, приредбите и свеченостите кои ги организираат странските воено - дипломатски претставници во Република Македонија или претставниците на државните институции на Република Македонија, само ако поканите се доставени преку протоколот и истите се должни да го известат организаторот за нивното учество за да може да се потврди присуството на организаторот.

Во случај поканата да пристигне по нередовен пат, воениот и цивилниот персонал на служба во АРМ е должен да го извести претпоставениот, кој треба да заземе став за присуство на конкретната активност.

117) Протоколот еднаш годишно, составува и преку СМС/МО, испраќа до одбранбените аташеи акредитирани во Република Македонија и странските дипломатски претставништва, список на лица поставени на командни и штабни должности во АРМ, кои можат да ги повикуваат на своите свечености и приеми. Тоа не значи дека тие не смеат да повикаат лица кои не се на тој список, но под услов поканите да бидат испратени преку протоколот. Обврска на протоколот е да ги собере сите податоци за активноста и кога е потребно да им даде потребни објаснувања на поканетите.

118) Старешините носат свечена униформа при службени настани и приеми. За време на посетите на единиците на терен (Ден на високи гости и слично) старешините облекуваат воено теренска униформа. Униформата се носи според Уредбата за единствениот знак на АРМ, униформата, ознаките на чиновите, ознаките на родовите и службите, ознаките на единиците како и начинот и условите за нивно носење. Офицерите со свечената униформата ги заменуваат фракот и смокингот. Кога во поканата е наведено дека приемот е неформален старешините не носат униформа. Тогаш мажите облекуваат дневно лежерно одело може и без вратоврска, а дамите облекуваат дневен лежерен фустан или костим. Не смее да се случи гостите да бидат облечени посвечено од домаќините. (шеми, прилог бр. 5.21.)

Поканите кои се однесуваат на личност не можат да ги користат други лица. Поканетите лица се должни да се придржуваат до упатствата на поканите во врска со присуство, односно не присуство на сопружникот.

Од приеми и коктели се заминува најдоцна во времето наведено на поканата и не се заминува пред главниот гостин.

## 2. Распоред на седење, послужување, мени и „précéance" картички

119) Кога се работи за ручек или вечера каде што гостите ќе седат на маса, се прави распоред за седење. Ако бројот на гостите е поголем, во поканата се доставува и бројот на масата на која ќе седи гостинот, а на посебна картичка - пилот картичка, се црта масата со ознака на местата и гостите. Ако бројот на гостите е мал може на влезот на трпезаријата да се постави табла со ознака на местото за седење на секој гостин. На секој гостин пред чинијата му се става „préceance" картичка.

Во прилог на ова Правило се дадени различни варијанти на распореди на седење кои може да се планираат. (шеми, прилог бр. 5.22.)

По доаѓањето на гостите ги дочекува домаќинот со сопругата. Останатите членови на делегацијата го дочекуваат во редица и се поздравуваат со гостите. Во салонот се послужува аперитив. Во посвечени пригоди за аперитив се служат пенливи вина. Се послужуваат сите видови на пијалак: сок, ракија, шампањ. Аперитив се нуди секогаш, освен наутро до 11.00 часот.

120) На приемот каде гостите сами се послужуваат од масата на која е поставена храната т.н. шведска маса, јадењето се зема откако ќе се послужат домаќинот и главниот гостин. Натамошниот тек на приемот може да биде со седење или стоење. Ако приемот се организира во време на ручек или вечера треба да се избегнува да биде со стоење. Пијалакот го служат келнери.

Кога се послужува храна, прво се послужува главниот гостин со сопружникот. Кога на приемот има многу гости, може да се почне со јадење откако ќе бидат послужени првите гости, а ако има малку гости треба да се причека сите да бидат послужени.

**АПЕРИТИВ**
**APERITIF**
* * * * *
**ЛАДНО ПРЕДЈАДЕЊЕ**
**COLD HORS-D'OEUVRE**
**- објаснување-**
* * * * *
**ТОПЛО ПРЕДЈАДЕЊЕ**
**WARM HORS-D'OEUVRE**
**- објаснување-**
* * * * *
**СУПА**
**SOUP**
* * * * *
**ГЛАВНО ЈАДЕЊЕ**
**MAIN DISH**
**- објаснување-**
* * * * *
**ДЕСЕРТ**
**DESSERT**
* * * * *
**КАФЕ**
**COFFEE**

Мени се составува според следното начело:
ладно предјадење, топло предјадење, супа; главно јадење; десерт; овошна салата или некакво овошје.

Предјадењето и супата не се нудат два пати, а главното јадење може.

Пијалакот се нуди по следниот редослед: аперитив, вода (минерална/обична), вино (зависно од видот на предјадењето и главното јадење, можат да се понудат два вида вино, со тоа што едното вино се пие до главното јадење, а другото за време на главното јадење), кафе, дигестив.

Да се одбие алкохолен пијалак не е непристојно.

Пред поканата за ручек или вечера треба да се знае дали гостинот има некои ограничувања (не пие алкохол, вегетаријанец, диета, верско ограничување).

При формален ручек се ставаат „précéance“ картички за одредување на распоредот за седење на масата. На „précéance“ картичките се печати амблемот на институцијата. На овие картички не е потребно да се пишува цело име и презиме. Вообичаено е да се напишат само чинот или титулата и презимето.

### 3. Бал

121) НГШ на АРМ, може да приреди офицерски бал. Подготовката и спроведувањето на балот бара детални подготовки кои треба да почнат најмалку 2 месеци пред одржување на балот. Балот го организира протоколот со реализирање на следните активности:

- предлага листа на официјални гости, ја координира изработката и испраќањето на поканите;
- се дефинира облеката - свечени униформи со одликувања, дамите долги свечени фустани, господата во црни костуми или смокинг;
- се одредува соодветно место и истото се уредува со соодветна декорација, цветен аранжман, државни и воени знамиња, пано со текст „Прв, втор, трет.... офицерски бал", озвучување, клима...;
- се дефинира свечената програма за балот - во кое време треба да дојдат гостите, во кое време се очекува да пристигнат ВИП гостите, во кое време ќе се послужи вечерата, изведувачи, музика, поздрави и др;
- во координација со лицата за цивилно - воена соработка ја изработува културно - забавната програма;
- се подготвува соодветно мени;
- се подготвува распоред на седење;
- се координира безбедносното и медицинското обезбедување на настанот;
- се дефинира начинот на пречек на гостите;
- „préséance“ картички;
- хостеси.

По повод балот можат да се печатат и брошури за балот во кои можат да бидат следните податоци:

- традиција на одржување на балот;
- список на гостите на офицерскиот бал;
- свечена програма и протокол на офицерскиот бал;
- распоред на седење и паркинг места;
- можни спонзори на офицерскиот бал.

На офицерскиот бал на АРМ, покрај највисоките офицери се поканува претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, министерот за

одбрана, претставници на Собранието, Владата, воено - дипломатскиот кор, културниот и јавниот живот.

Пристигнувањето на балот треба да биде 30 минути пред времето назначено во поканата. Времето назначено во поканата го означува времето на почеток на балот.

По предавањето на гардеробата, гостите ги пречекуваат домаќините на балот. По поздравот со домаќините, одговорното лице за протокол ги придружува гостите до местото каде што е предвидено да седат. На секоја маса се поставуваат „précéance" картички. Сите гости со станување го поздравуваат почесниот гостин кој во придружба на домаќинот и сопружникот доаѓа до главната маса, и пристигнувањето се најавува со фанфари. По нивното доаѓање се интонира државната химна и химната на АРМ.

Програмата на офицерскиот бал ја води лице од културниот живот кое ќе го повика почесниот гостин да се обрати на присутните со пригоден говор. Програмата на балот може да биде разновидна (може да свират повеќе групи, да пеат повеќе пејачи и сл.). При доаѓање на гостите, како и за време на јадењето се изведуваат пригодни инструментални дела. По завршувањето на вечерата, која вообичаено трае 1 час, се започнува танц кој го отвора почесниот гостин, по него домаќинот со сопружникот, а по нив останатите гости. На почетокот на танцот се свират најмногу два танца еден по друг па следува пауза. Подоцна може да се свират и повеќе нумери во блок.

122) На главната маса седи и доајенот на Асоцијацијата на одбранбените аташеи во Република Македонија, а останатите одбранбени аташеи соодветно се распоредуваат на масите со офицерите. По можност треба да се направи на иста маса да седат: претставник на цивилната власт, лице од културниот живот, офицер на АРМ и претставник на воено дипломатскиот кор.

По заминување на главниот гостин, балот се приведува кон крај. Гостите не го напуштаат балот пред главниот гостин.

# ШЕСТА ГЛАВА

# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Со влегувањето во сила на ова Правило, престанува даважи Правилото бр. 02-406/1 од 28.11.2012 година.

Ова Правило влегува во сила со денот на донесувањето.

# П Р И Л О З И

Прилог бр.1

## 1. Дефиниции и поими кои се користени во ова Правило

### Протокол

Зборот протокол во потесна смисла на зборот го означува оригиналот на јавните документи, записниците на меѓународните конференции, договори, спогодби. Во поширока смисла и во смисла којашто е употребена во ова Правило означува збир на правила кои треба да се применуваат во протоколарните, државните и дипломатските свечености, официјалните односи и општествениот живот.

Протоколот е низа на правила кои наложуваат добро однесување во службата за време на церемонии на кои се присутни високи воени и државни претставници. Тоа е признаен систем на меѓународна учтивост и добри манири со кои се почитуваат правата, статусот и достоинството на другите. Тој е и наука и уметност во постојан развој. Правилата на протоколот се еден од заштитните елементи на угледот на една држава.

Клучот на успехот во организирањето и планирањето во било кој протоколарен настан е посветување внимание на деталите, почитување на воспоставените обичаи и традиции, етички правила, учтивост и здравиот разум.

### Воен протокол

Воениот протокол претставува низа на мерки и активности за справување со прашања од областа на бонтонот и протоколот со цел да се почитуваат сите правила на однесување и сите гости добро да се згрижени.

Целта на воениот протокол е да овозможи претпоставениот старешина или командата да остави позитивен „прв впечаток“ на гостите, да реализира беспрекорни церемонии и приеми, како и да овозможи удобна атмосфера за постигнување на целта на овие настани. Кога ќе се совладаат овие норми, со инсистирање на доследно почитување на пропишаните Правила во АРМ, се заштедува на време кое би било потрошено на донесување одлука.

## 2. Протоколарна листа на носители на функции во Република Македонија, МО и АРМ

Во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија за утврдување на “préséance“ листа на носители на функции во Република Македонија, начелната протоколарна листа на носители на функции во Република Македонија, МО и АРМ е следната:

| | |
|---|---|
| **Приоритет 1** | Претседател на Република Македонија и негови еквиваленти од странство; |
| **Приоритет 2** | Претседател на Собранието, претседател на Влада, министер за одбрана и нивни еквиваленти од странство;<br>Поранешни претседатели на Република Македонија; |
| **Приоритет 3** | НГШ на АРМ и негови еквиваленти од странство (генерали со 4 ѕвезди) ; |
| **Приоритет 4** | Заменик министер за одбрана, заменик на НГШ на АРМ ;<br>Државен секретар во МО, директор на ГШ на АРМ, командант на оперативна команда;<br>Пензионирани и поранешни министри за одбрана и началници на ГШ на АРМ ;<br>Поглавари на верски заедници, пратеници во Собрание; |
| **Приоритет 5** | Генерали во АРМ, државни советници во МО, амбасадори акредитирани во Република Македонија; |
| **Приоритет 6** | Шефови на Кабинети на МО и НГШ на АРМ, команданти на прво - потчинети единици на ГШ до чин полковник, главен подофицер на АРМ, раководители на сектори во МО и началници на организациони единици во ГШ на АРМ;<br>Странски воени аташеи и останати претставници на Дипломатскиот Кор во Република Македонија;<br>Пензионирани генерали на АРМ. |

**Забелешки:**

- Во зависност од пригодите, протоколарниот ред на првенство може и да се менува, што за секоја пригода поединечно се одредува во согласност со специфичностите во дадената ситуација.
- Сопружниците го имаат истиот протоколарен ред на првенство како и носителите на тој протоколарен ред на првенство.
- Странските високи посетители имаат предност пред домашните угледници од исто рамниште.

- Оние личности кои менуваат некој претставник не го заземаат неговото место, туку се распоредуваат според нивниот протоколарен ред.
- Активните офицери имаат предност пред резервните офицери со ист чин.
- Резервните офицери имаат предност пред пензионираните офицери со ист чин.

Прилог бр.3

# 3. С Ц Е Н А Р И Ј А

### 3.1. Сценарио за чинот за предавање на воено знаме

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пристигнување на поканетите гости, нивно прифаќање и сместување | 10 мин. | Група за прием на гости | |
| 2 | Пречек на командантот на ... ,<br>Пречек на лицето кое ќе го предава знамето | 5 мин. | К-дант на единицата | По влегувањето во касарната |
| 3 | Постројување на единиците | 5 мин. | к-дир на стража | Место за постројување |
| 4 | Предавање на рапорт | 1 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |
| 5 | Повикување на гостите на бина | 3 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |
| 6 | Пречек на знамето и знаменскиот вод | 5 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |
| 7 | - Интонирање на химната на Република Македонија и химната на АРМ | 4 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 8 | <u>Почеток на свеченоста</u><br><br>- Поздравување на гостите:<br><br>„Почитувани, на почетокот на овој свечен чин дозволете ми најнапред во името на припадниците на ... да ги поздравам и да им посакам добредојде на:<br><br>- Претседателот на Република Македонија<br>- Началникот на Генералштабот на АРМ;<br>- Командантот на ... , чин ...<br>- Присутните генерали на Армијата на Република Македонија;<br>- Командантите на  командите и единиците на АРМ;<br><br>Претставници на локална самоуправа, верски заедници и сите останати гости | 3 мин.. | Командант на свеченоста | Место за постројување на единиците (писта) |
| 9 | Најава на  обраќањето на командантот на единицата | 1 мин. | Командант на свеченоста | |
| 10 | Најава на  обраќањето лицето кое го предава знамето | 1 мин. | | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Обраќање на на лицето кое ќе го предава знамето | 4 мин. | Досегашен Командант на единицата | |
| 12 | Наајава на церемонијално предавање на знамето | 1 мин. | Командант на свеченоста | |
| 13 | Церемонијално предавање на знамето<br><br>- Кога командантот ќе биде повикан да го прими знамето, му приоѓа на лицето кое го предава знамето и се претставува, а знаменосецот и двајцата придружници застануваат на 10 метри пред нив. Кога на командантот му се подава знамето, тој го прифаќа со десна рака, а со левата го принесула долниот слободен агол кон устата и го бакнува, го става кон нога и се заблагодарува за доделувањето на знамето. | 3 мин. | Претпоставен<br><br>Командант на единицата | |
| 14 | Преземање на знамето<br><br>- Кога лицето кое го предава знамето ќе му подаде рака, командантот го преместува знамето во лева рака, се ракува, оди кон знаменосецот и му го предава знамето. Командантот со знаменосецот (кој знамето го носи развиено) и придружниците, го носи применото знаме пред стројот (од левото крило на построената единица) и го зазема своето место во стројот. | 2 мин. | | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Свечено дефиле | 15 мин. | единици | |
| 16 | Испраќање на знамето | 2 мин. | | |
| 17 | Завршување на свеченоста:<br><br>- Со ова официјалниот дел на свеченоста е завршен, ги повикувам гостите на честитање и заедничко фотографирање | 1 мин. | Командант на свеченоста | |
| 18 | Честитање и заедничко фотографирање | 10 мин. | | |
| 19 | Коктел за вработените и гостите | 45 мин. | | Предвидено место |
| 20 | Испраќање на гостите | 10 мин. | Група за гости | |

## 3.2. Сценарио за свеченост за примопредавање на должност

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пристигнување на поканетите гости, нивно прифаќање и сместување | 10 мин. | Група за прием на гости | |
| 2 | Пречек на командантот на … ,<br>Пречек на Високиот воен претставник (ВВП) | 5 мин. | К-дант на единицата и к-дир на стража | По влегувањето во касарната |
| 3 | Постројување на командата/единиците | 5 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |
| 4 | Предавање на рапорт | 1 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |
| 5 | Повикување на гостите на бина | 3 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |
| 6 | Пречек на знамето и знаменскиот вод | 5 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |
| 7 | - Интонирање на химната на Република Македонија и химната на АРМ | 4 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 8 | <u>Почеток на свеченоста</u><br><br>- Поздравување на гостите:<br>„Почитувани, на почетокот на овој свечен чин дозволете ми најнапред во името на припадниците на ... да ги поздравам и да им посакам добредојде на:<br><br>▪ Началникот на Генералштабот на АРМ;<br>▪ Командантот на ... , чин ...<br>▪ Присутните генерали на Армијата на Република Македонија;<br>▪ Командантите на командите и единиците на АРМ;<br><br>Претставници на локална самоуправа, верски заедници и сите останати гости. | 3 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување на единиците (писта) |
| 9 | Најава на обраќањето на ВВП | 1 мин. | Модератор | |
| 10 | Обраќање на ВВП | 4 мин. | ВВП | |
| 11 | Читање на наредбите за поставување | 2 мин. | Командант на свеченоста | |
| 12 | Најава на обраќањето на досегашниот командант на единицата | 1 мин. | | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Обраќање на досегашниот командант на единицата | 4 мин. | Досегашен Командант на единицата | |
| 14 | Најава на обраќањето на новопоставениот командант на единицата | 1 мин. | Командант на свеченоста | |
| 15 | Обраќање на новопоставениот командант на единицата | 4 мин. | Новопоставен К-дант | |
| 16 | Официјално потпишување на образецот за примена-предадена должност | 1 мин. | новопоставен и досегашен командант | |
| 17 | Најава за церемонијално предавање на военото знаме | 1 мин. | Командант на свеченоста | |
| 18 | Церемонијално предавање на военото знаме | 3 мин. | Претпоставен, новопоставен и досегашен командант | |
| 19 | Честитање | 5 мин. | ВИП гости | |
| 20 | Свечено дефиле | 15 мин. | единици | На ниво на полк-бригада |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 21 | Испраќање на знаменскиот вод | 2 мин. | | |
| 22 | Завршување на свеченоста:<br><br>- Со ова официјалниот дел на свеченоста е завршен, ги повикувам гостите на честитање  и заедничко фотографирање | 1 мин. | Командант на свеченоста | |
| 23 | Честитање и заедничко фотографирање | 10 мин. | | |
| 24 | Коктел за вработените и гостите | 45 мин. | | Предвидено место |
| 25 | Испраќање на гостите | 10 мин. | Група за прием на гости | |

## 3.3. Сценарио за свеченост за предавање на должност министер за одбрана

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пристигнување на поканетите гости, нивно прифаќање и сместување | 10 мин. | Група за прием на гости | |
| 2 | Пристигнување на МО на РМ<br>Почитувани, Министерот за одбрана, г-динот ххх | 5 мин. | досегашниот МО | фанфара |
| 3 | Дочек на новиот МО на РМ | 5 мин. | МО на РМ | Досегашниот министер му приоѓа и се поздравуваат. Воениот оркестар свири марш. |
| 4 | Интонирање на химните на АРМ и РМ Следува интонирање на химните на РМ и АРМ | 5 мин. | модератор | Воениот оркестар ги интонира химните |
| 5 | Предавање на рапорт | 3 мин. | Командир на почесната единица | По предавањето на рапортот Министрите за одбрана го поздравуваат знамето на РМ, на крајот од стројот командирот на почесната единица ги отпоздравува |
| 6 | Поздравување со клучниот персонл од МО и АРМ и воведен збор и поздравување на гостите | 3 мин. | МО, модератор | Досегашниот министер ги претставува соработниците |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Обрќање на досегашниот МО<br><br>Почитувани, следува обраќање на досегашниот МО ххх<br><br>Господине министер, повелете. | 5 мин. | модератор | |
| 8 | Обраќање на новиот МО<br><br>Почитувани, следува обраќање на новиот МО г-дин ххх<br><br>Господине министер, повелете. | 5 мин. | модератор | |
| 9 | Коктел<br><br>Почитувани, со ова свеченоста по повод примопедавање на должноста МО на РМ е завршена.<br><br>Ве поканувам на коктел во холот од зградата на МО и ГШ на АРМ | 30 мин. | модератор | На коктелот присувствува клучниот персонал на МО и ГШ на АРМ, како и гостите на свеченоста |

### 3.4. Сценарио за доделување на одликување на припадници на АРМ за учество во мисија

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пристигнување на поканетите гости | | Протокол | |
| 2 | Дами и господа – (почесниот гостин на свеченоста) | | | Фанфара |
| 3 | Химна на РМ и АРМ<br><br>Почитувани присутни Ве повикувам да станете за интонирање на химната на Република Македонија и АРМ<br><br>Повелете седнете | 6 мин. | | |
| 4 | Поздравување на присутните гости<br><br>“Почитувани,<br>-Почесен гостин,<br>-Началник на ГШ на АРМ, - Амбасадор на, Семејствата на припадници на АРМ,присутни генерали,претставници на МО и АРМ, претставници на медиуми, и останати гости<br><br>Добре дојдовте на свеченоста по повод доделувањето на одликувања на припадниците на АРМ учесници во мисијата „XXX”. | 1 мин. | модератор | Во соработка со протоколот |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 5 | „Текст за мисијата” | 2 мин. | модератор | |
| 6 | По овој повод, го поканувам, амбасадорот..., да земе збор | 1 мин. | модератор | |
| 7 | Пригоден говор | 5 мин. | | |
| 8 | Го поканувам, НГШ на АРМ ..., да земе збор | 1 мин. | модератор | Фанфара |
| 9 | Пригоден говор на НГШ на АРМ | 5 мин. | | |
| 10 | Го поканувам, „почесниот гостин” да земе збор | 1 мин. | модератор | Фанфара |
| 11 | Пригоден говор | 5 мин. | | |
| 12 | Доделување на медали на припадниците на АРМ учесници во мисијата „XXX” | 15 мин. | модератор | |
| 13 | Дозволете да отпочнеме со доделувањето на медалите<br>Ве молам да станете | 15 мин. | модератор | Почесниот гостин, НГШ и Амбасадорот излегуваат пред знамињата |
| 14 | Се чита видот и значењето на одликувањето<br><br>Се повикуваат одликуваните поединечно да излезат да го примат одликувањето | | | Фанфара |
| 15 | Го повикувам командантот на мисијата, да земе збор | 1 мин. | модератор | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Говор на командантот на мисијата | 3 мин. | | |
| 17 | Почитувани присутни, со ова церемонијата е завршена ве покануваме на скромен коктел во холот на Домот на АРМ | 1 мин. | модератор | |
| 18 | Изјави за медиумите | 10 мин. | Односи со јавност | |
| 19 | Заедничка фотографија | 1 мин. | | |
| 20 | Коктел | 35 мин. | | |

## 3.5. Сценарио за свечено испраќање на контингент на АРМ во мисија

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| I Пречек и прифаќање на гостите и подготовка за свеченоста | | | | |
| 1 | Поставување на сите елементи за свечено испраќање на контингентот за мисија | 30 мин. | | Место за постројување главна писта во касарната „Илинден” според шемата за постројување и распоред на елементите |
| 2 | Пречек на поканетите гости | 25 мин. | | По нивно влегување во касарната „Илинден” и спроведување до местото за одржување на свеченоста |
| 3 | Пречек и предавање на рапорт на НГШ на АРМ | 5 мин. | | По неговото влегување во касарната командантот на касарната и к-дирот на стражата му предава рапорт |
| 4 | Пречек и предавање на рапорт на претседателот на Република Македонија | 3 мин. | | По неговото влегување во касарната и спроведување на возилото до командата, НГШ на АРМ му предава рапорт на гостинот и следува рапорт од почесната единица, пред зградата на командата. |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| II Свеченост | | | | |
| 5 | Предавање на рапорт пред стројот и поздра-вување на контингентот и единиците од страна на командантот на командата/единицата<br>Командантот на свеченоста командува:<br>„Единици- Мир-НО!”, „Поздрав на дес-НО!” „Господине_______________ , Контингентот и единиците се построен по повод заминувањето на контингентот за мисија. Рапортира _______________”<br>По предавањето на рапортот, почесниот гостин во придружба на К-дантот го поздравува контингентот и единиците:<br><br>„Војници и старешини здраво!”, “Здраво!” | 3 мин. | Командант на свеченоста | Доколку се построени единица во ранг на полк, бригада и повисоко, рапорт се предава на врховниот командант. |
| 6 | Пречек на знамето и знаменскиот вод<br>„Ве молам станете“<br>Командантот на свеченоста командува:<br>„Поздрав на ле-ВО!“<br>„Мир-НО!“ | | | |
| 7 | Интонирање на државната химна и химната на АРМ<br>Командантот на свеченоста командува:<br>„По-ЗДРАВ!“<br>„Мир-НО!“, „Парадно-СЛОБОДНО!“<br>„Ве молам седнете“ | | | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Воведен говор и поздравување на присутните гости | | | |
| 9 | Командантот на свеченоста командува:<br><br>„Контингент во колона по двајца, На-ПРЕД“<br><br>По доаѓање на претходно одредено место се командува:<br><br>„На-де-СНО“<br><br>„Надесно рамни-СЕ”, „Мир-НО“ | 5 мин. | Командант на свеченоста | |
| 10 | Командантот на свеченоста го повикува Командантот на контингентот да земе збор<br><br>„Го повикувам _________да земе збор” | 5 мин. | Командант на свеченоста | |
| 11 | Командантот на свеченоста го повикува претставник од амбасадата на ... да земе збор<br><br>„Го поканувам ________ да земе збор” | 5 мин. | | |
| 12 | Командантот на свеченоста го повикува претставникот од државниот врв да земе збор<br><br>„Го поканувам ________ да земе збор” | 5 мин. | Командант на свеченоста | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 13 | Испраќање на знамето и знаменскиот вод<br>Командантот на свеченоста командува:<br><br>„МИРНО!“ „За испраќање на знамето“,<br>„Поздрав на де-СНО!“<br>„МИРНО!“ „Парадно-СЛОБОДНО!“ | 5 мин. | Командант на свеченоста | |
| 14 | Заедничко фотографирање | | контингент | |
| 15 | Завршување на свеченоста<br><br>„Со ова свеченоста е завршена“<br>„Господине ______ Ве поканувам заедно со гостите на коктел“. | | Командант на свеченоста | |
| 16 | Изјави за медиумите | | | *(Во присуство на медиуми) во координација со КОЈ во ГШ на АРМ |
| 17 | Коктел | | Поканети гости | Во војнички ресторан |

## 3.6. Сценарио за свеченост по повод 18 Август, Ден на АРМ

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Пристигнување на гости<br>Постројување на почесната единица | | Протокол | |
| 2 | Почеток на свеченоста | | | фанфара |
| 3 | Почитувани гости, претседателот на Република Македонија и Врховен командант на Армијата на Република Македонија Н.Е.... | | Модератор | |
| 4 | Пречек на претседателот на Република Македонија во придружба на НГШ на АРМ | | | |
| 5 | НГШ предава рапорт на претседателот на Република Македонија<br>“Господине Претседател подготвени сме за денешната свеченост” | 1 мин. | НГШ на АРМ | |
| 6 | “Мир-НО” !, “Почесен по-ЗДРАВ”<br><br>- Рапорт на командирот на почесната единица<br><br>- Претседателот на Република Македонија го обиколува стројот на почесната единица и поздравува<br><br>“Војници и старешини ЗДРАВО”, “ЗДРАВО”<br><br>- Командирот на почесната единица - отпоздравува | | | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Дами и господа, Химната на Република Македонија и Химната на АРМ.<br><br>“По-ЗДРАВ” !<br><br>- Интонирање на химните<br><br>“Мир-НО” ! „Парадно –СЛОБОДНО“ | 6 мин. | Модератор<br><br>К-дир на почесна единица | |
| 8 | Почитувани гости, добредојдовте на Централната прослава на 18-ти Август Ден на Армијата на Република Македонија. Ми претставува особена чест и задоволство во името на припадниците на АРМ да ги поздравам:<br>1. Претседателот на Република Македонија,<br>2. Претседателот на Собранието на РМ, господин ...<br>3. Претседателот на Владата на Република Македонија, господин ...<br>4.Министерот за одбрана, господин ...<br>5.Поранешниот претседател на Република Македонија, господин ...<br>7. Претставниците на Собранието и Владата на Република Македонија, - поранешните министри на Министерството за одбрана и поранешните началници на ГШ на АРМ, - претставниците од Сојузот на Борците од Народно-ослободителната војска на Македонија, -претставниците на дипломатскиот кор во Република Македонија, - претставниците на верските заедници, - | 3 мин. | Модератор | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Оддавање почит на загинатите и починатите борци за Македонија и припадници на АРМ<br><br>“Почитувани гости, Ве повикувам, со едноминутно молчење да им одадеме почит на загинатите и починатите борци за слободата на Македонија и на загинатите припадници на Армијата на Република Македонија<br><br>По една минута<br><br>НЕКА ИМ Е ВЕЧНА СЛАВА, СЛАВА ИМ | 1 мин. | Модератор | |
| 10 | Го покaнувам министерот за одбрана (НГШ на АРМ), господин ..., даземе збор | 1 мин. | Модератор | |
| 11 | Говор | 5 мин. | | |
| 12 | Го покaнувам претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата, Н.Е ...., да земе збор | 1 мин. | Модератор | |
| 13 | Говор на претседателот на Република Македонија | 5 мин. | | |
| 14 | Почитуван претседателе, дами и господа, екселенции, почитувани гости, следува моментот кој со нетрпение го посакува секој војник во својата кариера. Следи чинот за унапредување на генерал. Ве молам да станете.<br><br>Читање на укази за унапредување на генерал | 4 мин. | Модератор<br><br>Фанфарист<br><br>Модератор | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 15 | “Го повикувам _____________ да пристапи”“Началникот на Генералштабот на АРМ, генерал ... ќе ги замени чиновите на_______- честитање | 4 мин. | Модератор<br>НГШ на АРМ | |
| 16 | Читање на биографија за унапредениот-те генерал-и | | Модератор<br>НГШ на АРМ | |
| 17 | Читање одјавен текст<br>“ Почитуван претседателе, почитувани гости, дами и господа, со ова го завршуваме официјалниот дел на централната свечаност од одбележувањето на 18-ти Август Ден на Армијата на Република Македонија.”<br>“Ве покануваме да продолжиме со заедничко дружење на пригоден коктел.” | | Модератор<br>НГШ на АРМ | |
| 18 | Артилериски плотун | | | |

## 3.7. Сценарио за комеморација за загинати припадници на АРМ

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Прием и прифат на учесници и медиуми | | Протокол<br>Портпарол | |
| 2 | Едноминутно молчење | 1 мин. | Модератор | |
| 3 | Читање на кратка биографија на загинатиот | 5 мин. | Модератор | |
| 4 | Обраќање на НГШ НА АРМ | 10 мин. | НГШ на АРМ | |
| 5 | Обраќање на МО | 10 мин. | МО на РМ | |
| 6 | Интонирање на химната на  Република Македонија | 3 мин. | Протокол | |
| 7 | Потпишување во книгата на жалости | 15 мин. | Протокол | |

**3.8. Сценарио за доделување на државното знаме на Република Македонија при пензионирање на командантите на ниво полк - бригада и на генералите во АРМ**

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Постројување на командата / единицата | 5 мин. | Командант на свеченоста | Место за постројување, посебно уредена просторија |
| 2 | Интонирање на химната на Република Македонија и химната на АРМ | 4 мин. | Командант на свеченоста | |
| 3 | Обраќање на ВИП гостинот | 1 мин. | ВИП | |
| 4 | Најава и церемонијално доделување на државното знаме | 1 мин. | Командант на свеченоста | |
| 5 | Церемонијално доделување на државното знаме<br>Најава со звучни сигнали со барабан<br>Читање на кратка биографија, награди, пофалби и одликувања<br>2 војници од единицата го покажуваат државното знаме и го диплат во форма на триаголник и го предаваат на ВИП лицето кое го предава знамето. | 3 мин. | Музичар<br>Модератор<br>2 ПФВ | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 6 | „Го повикувам (чин Име и Презиме) да го прими државното знаме“<br><br>Кога генералот/командантот ќе биде повикан да го прими знамето, му приоѓа на лицето кое го предава знамето.<br><br>„Господине (чин Име и Презиме) ви го предавам знамето на Република Македонија“<br><br>Кога на командантот му се подава знамето, тој го прифаќа со десна рака, го принесува под левата пазува и се заблагодарува за доделувањето на знамето.<br><br>„Ви благодарам“ | 1 мин. | ВИП<br><br>Генерал /<br><br>Командант | |
| 7 | Честитање и заедничко фотографирање | 10 мин. | | |

Прилог бр.4

# 4. П Р О Г Р А М И

## 4.1. Програма за погреб на загинати припадници на АРМ

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Отворање на капелите | | | |
| 2 | Време предвидено за семејството во капелата | 15 мин. | | |
| 3 | Пристигнување на делегациите и оддавање на почит на починатите | 35 мин. | | |
| 4 | Верски обреди во капелата | 40 мин. | | Сите присутни |
| 5 | Изнесување на сандакот пред капелата | 10 мин. | | |
| 6 | Обраќање на командантот на единицата | 10 мин. | | |
| 7 | Формирање на поворката и движење од капелата до погребното место | 30 мин. | | |
| 8 | Верски обреди | 5 мин. | | |
| 9 | Почесен плотун | 5 мин. | | |
| 10 | Заминување на присутните | | | |

## 4.2. Програма за посета на Република Македонија и АРМ на НГШ на друга држава

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Датум | | | | |
| 1 | Пристигнување на делегацијата на<br>Аеродромот во Скопје, официјален пречек со гарда и царински формалности во ВИП салонот | | Почесен придружник со сопружникот - амбасадор, одбранбено аташе, протокол, ескорт офицер, обезбедување, медицински тим | ВИП салон<br>(свечена униформа) |
| 2 | Превезување до хотел | 25 мин. | | |
| 3 | Одмор во хотел | 45 мин. | | |
| 4 | Лесен ручек во хотелот | 50 мин. | | |
| 5 | Превезување до ГШ на АРМ | 5 мин. | | |
| 6 | Официјален пречек со почести | 5 мин. | | |
| 7 | Тет-а-тет средба со НГШ на АРМ | 10 мин. | | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 8 | Состанок во кожна сала<br>Теми за разговор | 45 мин. | | Размена на официјални подароци - плакети |
| 9 | Изјави за медиумите | 15 мин. | | |
| 10 | Средба со министерот за одбрана | 20 мин. | | |
| 11 | Превезување до – единица, команда | 10 мин. | | |
| 12 | Посета на единицата, командата | 60 мин. | | |
| 13 | Превезување до хотел | 10 мин. | | |
| 14 | Одмор во хотел | 90 мин. | | |
| 15 | Превезување до ресторан | 15 мин. | | |
| 16 | Официјална вечера во ресторан | 100 мин. | | Размена на лични подароци |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 17 | Превезување до хотел | | | |
| Датум | | | | |
| 18 | Појадок | | | |
| 19 | Превезување до резиденцијата на претседателот на Република Македонија | 15 мин. | | |
| 20 | Прием од страна на претседателот на Република Македонија | 35 мин. | | |
| 21 | Превезување до касарна „ххх” | 15 мин. | | |
| 22 | Посета на единица<br><br>брифинг и показна вежба | 60 мин. | | |
| 23 | Превезување до ресторан | 10 мин. | | |
| 24 | Ручек | 90 мин. | | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 25 | Превезување до хотел | 10 мин. | | |
| 26 | Одмор и одјавување од хотел | 45 мин. | | |
| 27 | Превезување до аеродромот во Скопје | 25 мин. | | |
| 28 | Аеродромски формалности | | | |
| 29 | Испраќање на делегацијата | | | |

## 4.3. Програма за посета на РМ на сопруга на НГШ на друга држава

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Датум | | | | |
| 1 | Превезување до археолошкиот локалитет Скупи | 20 мин. | | |
| 2 | Разгледување на Скупи | 35 мин. | | |
| 3 | Превезување до музејот на Македонија | 20 мин. | | |
| 4 | Разгледување на поставките во музејот<br>- археолошка, етнолошка поставка и галерија на икони | 90 мин. | | |
| 5 | Превезување до хотел | 15 мин. | | |
| Датум | | | | |
| 1 | Појадок во хотелот | | | |
| 2 | Превезување до скопското Кале | 10 мин. | | |
| 3 | Прошетка по Калето | 25 мин. | | |

| Р.бр. | Активност | Време | Извршител | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Посета на црквата „Св. Спас” | 25 мин. | | |
| 5 | Прошетка низ Старата скопска чаршија | 45 мин. | | |
| 6 | Прошетка по улицата Македонија и посета на музејот на Мајка Тереза | 45 мин. | | |
| 7 | Превезување до ресторан | 10 мин. | | |

Прилог бр.5

# 5. Ш Е М И

### 5.1. Примопредавање на должност министер за одбрана



**5.2. Инаугурација на претседател на Република Македонија**



### 5.3. Полагање на венци во Крушево

Полагање на венци во Македониум





Полагање на венци на месноста Слива



Полагање на венци на Мечкин камен



**5.4. Полагање на венец во Пелинце**



**5.5. Пречек на претседателот при посета на воени објекти**



### 5.6. Пречек на ВИП на аеродром



## 5.7. Испраќање на ВИП на аеродром



### 5.8. Свечен пречек на странски гости на аеродром



## 5.9. Пречек на претседатели на странски држави во вила Водно



**5.10. Пречек на високи делегации пред Собранието на Република Македонија**



## 5.11. Пречек на претседател на Влада



## 5.12. Пречек на странски воени делегации пред МО и ГШ на АРМ



**5.13. Распоред на единицата за воени почести на починати припадници**



## 5.14. Формирање на погребна поворка

Слика 1
Лица за надгробен знак 1
Одликувања 1
Венци од МО и ГШ 2
Венци од фамилијата

Воен оркестар
36 старешини

Почесна единица
20 војници и 1 старешина
2 војника за знамето

1 старешина на
почесна придружба

Лафет - 6 војници
почесна придружба

Семејство на починатиот

Лица кои официјално
присуствуваат на погребот

Граѓани



### 5.15. Пречек на посмртните останки на аеродром



**5.16. Оддавање на воени почести кај гробното место**



**5.17. Оддавање на воени почести на споменикот на паднатите херои**



**5.18. Смена на државното знаме пред резиденцијата на претседателот на Република Македонија**



**5.19. Смена на државното знаме пред Собранието на Република Македонија**



### 5.20. Смена на државното знаме пред Владата на Република Македонија



**5.21. Споредба на униформите и облеката при подготвување или добивање на покана**




1 Battle Dress
Борбено теренска униформа

2 Class B - short sleeved shirt without tie
Службена униформа

3 Class B - short sleeved shirt with tie
Службена униформа

4 Class B - long sleeved shirt with tie
Службена униформа

5 Service uniform
Службена униформа

6 Mess uniform
Свечена униформа



Informal / casual Smart casual Normal / Business Dark suite black tie

На поканите  можеме да го сретнеме и следното:

- informal или casual - што подразбира неформална - лежерна облека;
- smart casual - што подразбира дека може да се носи одело без вратоврска;
- normal или Business - што подразбира одело со вратоврска;
- dark suite - што подразбира темно одело;
- black tie (cravatte noire) - што подразбира смокинг, исклучиво црна вратоврска и кошула без подигната јака;
- white tie (cravatte blanche) - што подразбира фрак, исклучиво бела вратоврска и кошула со подигната јака, елече, може да има и бел појас и посебни копчиња на фракот.

Кога на поканата стои назнака за облека на мажите, за жените тоа значи следново:

- dark suite - темно одело, што подразбира фустан (не мора да биде со темна боја);
- black tie - смокинг, што подразбира дека фустанот не треба да биде долг (исто така се облекува навечер, но за помалку свечени прилики);
- white tie - фрак, што подразбира дека жените се во долги фустани со мало деколте однапред за вечерни приеми.

## 5.22. Распореди за седење

**Распоред на седење кога на масата се присутни само припадници на машкиот пол и се соработници, се распоредуваат по хиерархија**




**Распоред на седење кога на тркалезна маса седат само припадници на машкиот пол и се соработници, се распоредуваат по хиерархија**



**Распоред на седење кога на масата седат две делегации, деловен ручек или вечера, се распоредуваат по хиерархија, чинови и функции лево и десно од водачите на делегациите**




Домаќин / претпоставен

Почесен гостин

Членови на домашната дел. / според чин, функција, хиерархија

Членови на странската дел. / според чин, функција, хиерархија

**Распоред на седење кога на масата седат две делегации, без сопружници**




Домаќин / претпоставен

Почесен гостин

Членови на домашната дел. / според чин, функција, хиерархија

Членови на странската дел. / според чин, функција, хиерархија

**Распоред на седење кога на масата седат две делегации, со сопружниците**




- 1 Домаќин
- 2 Сопруга на домаќинот
- 3 Почесен гостин
- 4 Сопруга на почесниот гостин
- Членови на домашната дел. / според чин, функција, хиерархија
- Членови на странската дел. / според чин, функција, хиерархија
- Сопруга на член на домашната делегација
- Сопруга на член на странската делегација

**Распоред на седење кога на масата седат две делегаци и сопругите на шефовите на делегациите**




1 Домаќин

2 Сопруга на домаќинот

3 Почесен гостин

4 Сопруга на почесниот гостин

Членови на домашната дел. / според чин, функција, хиерархија

Членови на странската дел. / според чин, функција, хиерархија